**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесет и третата седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 април 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Најнапред се извинувам заради ова продолжување, заради тоа што беше присутна Данската делегација, па моравме да ја примиме, па прифаќам да ме казните со една дневница, затоа што започнуваме со ова задоцнување.

Пратеникот Илинка Митрева, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам, пред да почнеме со работа да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата, дали можеме да работиме.

Ве молам вклучете го системот.

(По притискањето на копчињата).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски.

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Триесеттата и Четириесет и првата седница ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Триесеттата и Четириесеттата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам, да гласаме.

Претходно процедурално господинот Александар Гештаковски побара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, сметаме дека Законот за предвремено пензионирање, не би требало да се прифати Мислењето и Барањето на Владата, согласно Деловникот за скратување на роковите, бидејќи во основа не се исполнети деловничките услови.

Се работи за сложен и обемен закон, иако во текст е краток, но во основа се работи за сложен закон.

Основно и важно, зошто не треба да се прифати скратување на роковите е тоа што, Владата во мај 1999 година донесе стратегија за реформи на јавната администрација и во таа стратегија јасно и прецизно е кажано дека Законот за предвремено пензионирање е само еден сегмент.

Затоа Парламентот треба Законот за предвремено пензионирање да го гледа во пакет со Законот за Влада, Законот за органите на државната управа и Законот за државните чиновници.

Колку што мене ми е познато Владата овие закони ги утврди на својата седница, не ми е јасно дали се доставени до Парламентот. Најдобро е да се гледаат сите тие во една целина, бидејќи тогаш ќе имаме една целосна слика за реформите со своите укажувања. Тоа е едниот важен елемент.

Вториот важен елемент зошто не треба да се прифати барањето за скратување на роковите е тоа што, со самиот закон ние немаме никаква анализа. Предлагачот не дава колкав е бројот на вработените во јавната администрација во Република Македонија, не го дава бројот на оние работници кои ќе потпаднат под удар на Законот, колку ќе одат во пензија; не е даден бројот на лицата кои се вработени во последната година 1999 година во јавната администрација. Законот ништо не навлегува колкава ќе биде цената за предвременото пензионирање и колкава ќе биде штетата во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Господине претседателе, сметам дека и Вие се согласувате со овие укажувања дека не треба да се гледа во скратена постапка, а тоа го изведувам од тоа што и Вие согласно Деловникот можете да предложите да се скратат роковите. После укажувањето на претходната седница

Вие сметам дека го сфативте значењето на разгледување на законите во Парламентот, особено на вакви закони. Јас морам да кажам дека ние ќе бидеме Парламент во Европа, кој законите кои претстојуваат во Парламентот ќе ги броиме со часови, колку часови се во Парламентот па ги разгледуваме, а ќе дојдеме и до секунди. Деловнички има можности по секунди кога е итно. На вакви закони, овој закон е влезен во Парламентот на 18.04.2000 и затоа Вие му предлагате на Парламентот да ја донесе таа одлука, а Вие не влегувате. Тоа е вториот елемент.

Третиот елемент, Вие ни доставивте заклучоци и забелешки од претседателството на синдикатот на органите на управата, правосудството, општествените организации и здружение на граѓани. Тоа барање го добивме пред самата седница, барем јас го добив денеска во пратка. По овој закон, по реформата во јавната администрација не се вклучени ни Синдикатот, не се вклучени ни јавноста, ни медиумите, ни сите научни и стручни институции. Тоа е третиот елемент поради кој не би требало да се прифати барањето по скратена постапка.

Овие закони зборуваат за сложеноста, Владата ги гледаше на три седници, ги гледаше два месеци, а ние немаме никакви показатели како Парламент. Како може за три дена без расправа, без вклучување на сите оние што можат да придонесат за унапредување, тогаш јас мислам дека сигурно е да не треба да се прифати предлогот.

Затоа сметам за седницата што ја имате закажано за 10 мај, овој закон да оди заедно со Законот за Влада, со Законот за органите на државната управа, со Законот за државните службеници. Да имате една целосна слика и доколку се усвои мнозинството, јас да укажам, не може да се пуштаат во предвремена пензија или технолошки вишок да се прогласуваат луѓе со 35 години работен стаж, без претходно да имате анализа. Кои министерства ќе останат, која е систематизацијата, претходно да се прераспоредат, претходно да се види што може да се приватизира, логиката не можеме да ги испуштиме овие луѓе, а претходно да примаме други.

Предлагам и Парламентот да го прифати Предлогот, овој закон да оди заедно во пакет согласно стратегијата.

Сакам да напоменам, кој читал и кој видел, за тоа треба да каже претставникот на Владата, дека стратегијата изрично забранува и е против сегментарно гледање на таканаречените годишни квоти, или таргети, да се употребуваат само, а не посебно со закон. Мерката предвремено пензионирање, е нормална мерка, но во пакетот на мерки за овозможување на мала, современа, деполитизирана државна администрација, која на сите ни е цел.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Александар Гештаковски за процедуралната расправа по ова прашање.

Господинот Насер Зибери побара збор. Повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа, јас нема да направам поширока експликација, но се согласувам овој Предлог да биде повлечен денеска и да дојде во редовна постапка.

Иако се работи по содржина за краток закон, тој по последиците е многу тежок. Ценам дека е неопходно овој предлог да оди заедно со пакетот на другите закони, кои се за реформа на државната администрација и со една поширока елаборација за тоа колку луѓе ќе бидат под удар на овој закон, на кои работни места се работи, на кои органи итн., итн., да не се повторувам со претходниот дискутант.

Цениме дека навистина е не сериозно еден ваков закон да се предлага на сама седница, денеска да го ставиме на дневен ред, да биде усвоен, а после тоа да повлекува навистина тешки последици, И по однос на луѓето кои ќе бидат засегнати и по однос на Буџетот, но далекусежни последици за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Затоа не треба да се сфати како априори опозициски став за отфрлување на идејата и предлогот, но навистина би било добро Владата да ни понуди еден комплексен извештај, кој ќе бидат ефектите од овој закон и од финансиска гледна точка и во однос на луѓето кои ќе бидат зафатени и по однос на функционирањето на органите, се разбира, заедно со пакетот, односно сите акти согласно стратегијата за реформа на државната администрација, за кои ценам лично дека Собранието треба да свика една посебна седница и за тие прашања да води една широка, темелна расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Насер Зибери.

Процедурално господинот пратеник Бранко Црвенковски бара збор.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, Вие не информиравте дека Владата доставила барање, дека Законот за предвремено пензионирање да се разгледува на оваа седница во скратена постапка.

Според деловникот претставник на Владата треба да ја образложи потребата за разгледување на овој закон во скратена постапка.

Во овој момент претставник на Владата не е присутен во салата, инаку во дописот што е доставен за претставник на Владата е посочен министерот Џевдет Насуфи и заменик министерот за правда Зоран Стојанкиќ. Во овој момент претставник по овој предлог во име на Владата во салата не е присутен и Вие деловнички едноставно треба да констатирате дека предлогот се симнува од разгледување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Процедурално ние имаме писмено образложение од Владата со самиот закон. Предлогот е образложен и ние денеска треба најнапред да гласаме за итноста и треба да се произнесеме.

Како што реков писмено образложение има, какво такво и ние треба да се произнесеме за итноста. Тоа е првата фаза. Можеби ќе кажеме дека ќе гласаме сега деловнички, дека не треба денеска да го ставиме на дневен ред, а потоа ќе видиме и ќе бараме образложение за законот. Така да има неколку фази.

Јас сум должен секој предлог од Владата да го доставам до вас, да го поставам, а ние да одлучиме дали ќе го ставиме на дневен ред или нема да го ставиме на дневен ред, од аспектот на итноста, не од аспектот на содржината на Законот, особено што овој закон не е разгледан од страна на матичната комисија.

Ако денеска одлучиме дека треба да биде на дневен ред, тогаш јас ќе бидам слободен да ја прекинам седницата, за да заседаваат комисиите, а ако одлучиме да одиме на наредна седница, има можност комисиите во редовна процедура да го разгледаат. Но, прашање е на одлука на самото Собрание и на пратениците дали тие сметаат дека ќе го поддржат Предлогот на Владата да биде по скратена постапка. Мое е да го оставам вака како што е.

Каков е мојот став по однос на скратената постапка итн., од страна на Владата визави Собранието е познато, но верувајте ми дека јас морам деловнички да се придржувам за ова што е овде поставено. А, односот на Владата спрема Собранието се покажува и сега кога имаме закон, а тој закон нема кој да го образложи, што е неговата суштина.

Господинот Александар Гештаковски повторно процедурално бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека не сте во право, пратеникот Бранко Црвенковски потполно е во право. Вие зборувате за итност, не се работи за итност, согласно член 339 до член 347 имаме постапка за скратување на рокови и јас укажав, и Вие можете да барате скратување на роковите и Владата може да бара скратување на рокови, но роковите за доставување на сите законски и други акти во овој Парламент е 30 дена. По исклучок рокот може да се скрати на 15 дена. Нормален Парламент така работи.

Има можност, за ова што Вие зборувате, скратување на роковите и по тие 15 дена. Тоа може да го бара само претседателот и Владата. Сите пратеници се изјаснуваат, ние сме известени за барањето на Владата со тоа што Вие ни го доставивте и Вие точно постапувате кога го поставувате пред Парламентот, во тој дел сте во право, но никако не сте во право на предлогот на пратеникот Црвенковски.

Членот 340 е многу јасен. Предлогот за стартување на роковите мора да биде образложен. Во писмото кое нас ни е поставено од Владата број 16-61/1 од 18.04. нема никакво образложение. Постапката е иста, идентична кога се работи за итно. Треба да стане министерот во име на Владата, на претставникот и да каже барам скратување на роковите од тие и тие причини. Тогаш Парламентот и ние како пратеници можеби ќе прифатиме. Што е барањето за да се скрати рокот. Мора претставникот, досега не се практикувало тоа, но Деловникот е многу јасен, членот 340 и не се исполнуваат условите. Мора законот да биде образложен.

Бидејќи не се исполнети условите, сметам дека не треба да се разгледува, затоа што се работи за битен закон. И опозицијата и ние како пратеници кога ќе слушнеме, да не го мешаме и другиот дел што е битен, скратување на постапката, да не се меша скратувањето на постапката за Предлог за донесување на закон да се разгледува на истата седница со Предлог на закон.

Господине претседателе, имам уште едно барање од Вас.

Барам информација, согласно Деловникот Вие на пратениците сте должни да им давате информација, дали Законот за Влада, Законот за државните органи на управата и Законот за државните службеници се доставени во Собранието од страна на Владата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога сме веќе кај Деловникот, јас сакам да ви го прочитам член 339, кој што вели: "Ако не е во прашање сложен или обемен закон овластениот предлагач на Законот со поднесување на Предлогот за донесување на закон или Предлог на закон може да предложи рок за извршување на одделни работи или определени со овој Деловник да се скрати". Значи, во оваа ситуација Предлогот за скратување на роковите мора да биде образложен. Тоа е член 340.

До сега во една ваква ситуација ние секогаш сме го прифаќале образложението поднесено со самиот закон, секогаш сме гласале кога сме имале закони со скратени рокови да може образложение да има. Во салата не го гледам потпретседателот, ниту некој од предлагачите. Затоа ќе ве молам, седницата ќе ја прекинеме за еден час, ќе го повикаме предлагачот да дојде и Законот да го образложи.

Седницата прекина во 12,35 часот.

Седницата продолжи со работа во 14,00 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пртеници, продолжуваме со работа.

Владата на РМ согласно членот 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на Закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Го молам претставникот на Владата да го образложи Предлогот, односно зошто Предлогот оди во скратена постапка.

Има збор г-динот министер за правда Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, денеска пред вас е Предлогот за донесување на Закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон и на таков начин ние се вклучуваме активно во процесот на имплементација на реформата на јавната администрација во земјата.

Цениме дека Законот е можеби не популарна административна мерка, меѓутоа, неопходна е за почетокот на овие реформи поготово за земјава која се наоѓа во едни длабоки структурни реформи во стопанството, се наоѓа во длабоки промени во своинство сопственичките односи, во смисла на преовладување на приватната сопственост и во услови кога приватниот легитимитет, приватниот легитимен интерес преовладува над така наречениот општ интерес, како реликт на тоталитарните општества. Тоа е нормално за една земја која се наоѓа во транзиција, за една земја која од еден поминува во друг општествен систем и во таа смисла Законот за предвремено пензионирање треба да се донесе во скратена постапка, од две причини и тоа:

Прво, сами забележувате дека се работи за еден закон со едноставен текст, не е обемен, не е сложен. Другата важна причина е тоа што редукцијата на јавната администрација, односно државната администрација влезена е во матрицата на ММФ и Светската банка и наредните разговори, кои се веќе утврдени со Светската банка во текот на месец мај, а со ММФ во текот на јуни, тоа ќе биде еден од клучните наши услови, кои треба да ги исполниме за да се потпишат аранжманите со овие институции.

Се разбира дека предвременото пензионирање не е единствениот начин на кој се определивме за редуцирање на државната администрација, односно да ја растовариме буџетската потрошувачка по тој основ, бидејќи исто така претстои фаза на приватизација на одделни сегменти на државната администрација, кои самостојно ќе можат да настапат на пазарот на капиталот и на услугите. Исто така претстои процес на децентрализација. Се тоа во функција на редуцирање на државната администрација во смисла и во функција да оствариме мала администрација, достојна за една земја во транзиција како што е Македонија, да ја оствариме рационалната компонента и стручна, па од тие причини Владата му предлага на Собранието по скратена постапка да го разгледа овој Предлог на закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за правда г-динот Џевдет Насуфи за образложението. Збор побара г-динот Гештаковски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, го сослушавме претставникот на Владата и барањето за скратување на роковите, што значи претставникот на Владата укажа пред Парламентот дека не се работи за сложен и битен закон, од едноставна причина дека содржи мал број на одредби.

Ние и понатаму остануваме на мислењето и тврдењето, она што го искажав претходно пред поднесувањето на образложениeто за скратување на роковите, дека се работи за сложен Закон, битен Закон, за кој на Парламентот му е потребно време за да расправа и да го донесе. Тоа е едниот елемент.

Вториот елемент за кој Владата и претставникот бараат скратување, тоа е под притисок на ММФ и Светската банка. Точно е ништо не значи во структуралните реформи и администрацијата е влезена за реформирање, но ако оди во една нормална постапка никој не може да бара да ги скратуваат роковите. Министерот треба да се изјасни или сега, или во расправата дали сега Светската банка го поддржува овој Закон како сегментарен закон, без целосна реформа во однос на пакетот на закони за реформата.

Колку што ми е познато и колку што имам контакти како претседател на Комисијата за труд, ваков сегментарен закон Светската банка не го подржува и од аспект на системот за пензиско и инвалидско осигурување, кој претходно беше донесен.

Затоа сметаме и понатаму остануваме пред изјаснување на Парламентот дека, Законот не треба да се гледа по скратена постапка, туку треба да се гледа во нормална постапка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Гештаковски.

За збор се јави г-динот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Само уште еден аргумент во прилог на ова што го кажа г. Гештаковски.

Во Законот што денеска ни се нуди точно пишува дека тој ќе се применува од 1 јануари 2001 година. Според тоа, навистина нема никаква причина денеска на денешната седница да одиме по итни и скратени рокови да се донесува овој Закон, кога Владата вети дека другите закони кои ја чинат суштината на реформата на државната администрација веќе се подготвени и веќе се поминати на Владата и дека ова треба да се гледа како сегмент во вкупната реформа на државната администрација. Тоа е само едно дополнение што сакав да го кажам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратнеик Ѓорѓи Спасов за учество во оваа процедурална расправа.

Дали некој друг бара зор? (Никој).

Господа пратеници, бидејќи никој не бара збор, во една ваква ситуација единствено ни останува по пат на гласање да утврдиме дали го прифаќаме Предлогот на Владата согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да го ставиме на денешнава седница на дневен ред Предлогот за донесување на Закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон.

Ве молам да гласаме.

46 пратеника гласа "за", 20 се против, и 5 воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

ЗПК, предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на автентично толкување на член 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Предлогот на автентично толкување ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за", 2 против и 5 воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Група од 22 пратеници предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Ве молам да гласаме.

56 пратеника гласаа "за", 9 против и 8 воздржани.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Илија Илоси, Митко Тилески, Рубенс Наумовски, Томислав Петровски и Илија Пранговски поднесоа барање Владата на РМ да изготви Информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот

на Факултетот за туризам и угостителство Охрид и предлагаат таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор потпретседателот на Владата г. Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се извинувам не ве следев добро за што се работи?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Група пратеници имаат поднесено барање до Владата на РМ да изготви Информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид и предлагаат таа де биде разгледана на оваа седница.

Инаку, барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека за оваа седница не сме подготвени да доставиме таква информација.

Се прифаќа за наредната седница да се достави Информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставникот на Владата предлага оваа Информација да биде за наредната седница.

Дали пратениците кои пред малку ги прочитав се согласуваат со Предлогот на претставникот на Владата на наредната седница да се разгледа оваа Информација.

Кој прв се јавува за збор?

Има збор г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Владата, ние можеме да ја почекаме Информацијата од Владата, оваа точка да се стави на дневен ред на денешната седница, бидејќи по сите изгледи денеска нема да ја завршиме оваа седница така што до следната седница на Владата ако ја добиеме Информацијата, може да се расправа на оваа седница по оваа Информација. Нормално, ако прифати претставникот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата г. потпретседател со оглед на реалните околности, дека навистина оваа седница ќе ја продолжиме и наредната недела, дали се согласувате да ја ставиме на дневен ред, а да ја разгледуваме по одржаната седница на Владата на РМ.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не треба да одине со претпоставки и да претпоставуваме колку ќе трае оваа седница, ако така цените дека ќе се продолжи, тогаш прифаќаме да биде ставена на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Томислав Петровски побара збор.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека за следната седница се ќе биде доцна, најдобро е да се остави како последна точка, бидејќи чудни работи се случуваат на Факултетот за туризам, па би го замолиле претставникот на Владата да оди како последна точка, со тоа што во меѓувреме Владата ќе ја разгледа Информацијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставникот на Владата се прифаќа претставникот на Владата.

Се согласуваме.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Предлогот на пратеникот Чедомир Краљевски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа "за", 7 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Чедомир Краљевски е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за именување на претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Вишата медицинска школа во Битола при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, и за именување на членови на посебна комисија за изготвување на Предлог за именување на директор на Вишата медицинска школа во Битола, при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници се "за", 6 се воздржани, 1 е против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска Радиот Телевизија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска за соработка во областите образование, наука и култура, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за признавање на статус на правно лице на меѓународни невладини организации, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска, со Предлог на закон:

8. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Кралството Данска, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска, со Предлог на закон;

12. Предлог на автентично толкување на член 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги;

13. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на јавните набавки;

14. Предлог за именување заменици на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје;

15. Предлог за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Крива Паланка и Берово;

16. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

17. Предлог на одлука за именуваше претставник на Републиката во Собирот на работни луѓе на Вишата медицинска школа во Битола при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола;

18. Предлог на одлука за именување на членови на Посебна комисија за изготвување на Предлог за именување на директор на Вишата медицинска школа во Битола при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола;

19. Информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид;

20. Интерпелација за работата на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија г. Никола Кљусев.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави г. пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, по точка 3 од дневниот ред е уврстен Предлог за донесување на закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Сакам да ве информирам дека работните тела не можеа да го разгледаат овој Предлог од причина што не беше доставено мислењето на Владата. Мислењето на Владата е доставено денеска на седница.

Овој Закон е од крупно политичко значење и мислам дека ќе понесеме неодговорно ако на оваа седница расправаме по него, а ниту работните тела претходно расправале, ниту сме имале мислење на Владата. Затоа мислам да го повлечам од оваа седница.

Втора причина зошто го повлекувам од оваа седница е ставот во Мислењето на Владата. Во вториот став од Мислењето на Владата, Владата соопштува имено: "донесувањето на понудениот закон треба да се одложи за наредниот период, бидејќи во постапка на подготвување се измените и дополнувањата на законите, поврзани со локалните избори предвидени и во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2000 година".

Од овде можам да насетам дека Владата веројатно ќе прифати една комплетна реформа на изборниот систем, кој ќе го зафатат покрај Законот за избори на пратеници уште и Законот за локални избори. Затоа немам друга информација, потребни ми се информации и јас по оваа седница ќе гледам да стапам во контакт со надлежни луѓе, да ми објаснат кога од прилика би било ова одложување и како сепак овој проект да се уврсти и Собранието да расправа по него.

Се надевам дека нема да биде долго, бидејќи не се далеки и локалните избори и не може да се одолговлекува со овој нивен навестен закон. Сега го повлекувам од оваа седница, наскоро ќе ги проверам околностите и овие наводи за да можам да се одлучам точно на која седница да го предложам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Андов, како единствен предлагач на овој закон, го повлекува законот од денешниот дневен ред.

Според тоа, ќе извршиме измена на точките од дневниот ред, согласно неговата желба.

За збор се јави господинот пратеник Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, јас барам од страна на Владата да изготви информација, околу исплатата на откупениот тутун, за реколтата 1999 година, бидејќи според моето сознание, дел од откупот на тутунот што е извршен, за оваа година од страна на тутунските комбинати, уште тутунот не е исплатен, поготово, тоа се однесува на Тутунскиот комбинат од Куманово. Јас неколку дена имам обраќања од страна на граѓаните, односно тутуно производителите, кои овој проблем го немаат расчистено во Тутунскиот комбинат.

Со оглед на фактот дека сега е сезоната на сите земјоделци, кои имаат обврски и мора вака да се соочуваат со проблемите, кои се многу важни, бидејќи е пролетната сезона, а исто така и другите обврски што ги имаат кон државата не можат да ги расчистат, поради овие причини, на дел од продадениот тутун, тие се уште не ги добиле парите.

Затоа, го молам претставникот на Владата, дали е во можност да изготви една ваква информација, да знаеме до каде е стигнато со ова прашање или дали може да се расчисти проблемот, во најкраток рок, бидејќи сметаме дека е во интерес на сите нас, овој проблем да се реши што побрзо.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Хисни Шаќири.

За збор се јави господинот потпретседател на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека таква информација, имаат пратениците, во врска со откупот на тутунот.

Поднесеното барање, го сметаме како пратеничко прашање, а за информација на пратеникот и сите други пратеници на Собранието на Република Македонија, се прават сите напори, а и најбрзо ќе почне со исплата на средствата за откупениот тутун, од реколтата 1999 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Шаќири, претставникот на Владата потпретседател, го третира како пратеничко прашање.

На пратеничкото прашање ќе ви биде одговорено писмено, лично Вам, а инаку е дистрибуирана информација од страна на Владата, во врска со сознанијата околу откупот на тутунот, а Вам поединечно ќе ви биде одговорено.

Дали се согласувате?

**ХИСКИ ШАЌИРИ:**

За мене е најважно да се изврши исплата на откупениот тутун од производителите. Мислам дека тука е интересот на сите нас и доколку може Владата овој проблем, да го расчисти преку ресорното министерство, мислам дека е за поздравување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, тројца се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага предлозите за именување на заменици на јавните обвинители, на основните јавни обвинителства во Скопје, Крива Паланка и Берово и Предлогот на одлуката, за огласување на избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија, да бидат разгледани пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, 2 воздржани и 10 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 14 - Предлози за именување заменици на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлозите и мислењата на комисиите за изборите и именувања, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не се јавувам по оваа точка што ја покренавте, туку се јавив претходно, меѓутоа Вие не ме видовте, за редоследот на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи одиме по точката 14. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Звонко Ристевски, да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител, на Основното јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 6 се воздржани и 3 против.

Констатирам дека Звонко Ристевски е именуван за заменик на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот Марко Зврлевски, да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, двајца воздржани, немаме против.

Констатирам дека Марко Зврлевски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот Искра Лазарова, да биде именувана за заменик на Основниот јавен обвинител во Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

56 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 5 против.

Констатирам дека Искра Лазарова е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.

На именуваните заменици на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје, им го честитам именувањето и им посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 15 - Предлози за именување на заменици на основите јавни обвинителства во Крива Паланка и Берово.

Предлозите и мислењата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Митко Митровски, да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Крива Паланка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

32 пратеника гласаа за, 6 се воздржани и 32 против.

Според тоа, констатирам дека Митко Митевски не е именуван за заменик на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Крива Паланка.

Предлогот Златко Биковски, да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Берово го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеника гласаа за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека Златко Биковски е именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово.

На именуваниот заменик во јавното обвинителство во Берово му го честитам именувањето и му посакувам успех во работата.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, 8 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, кога се работи по скратена постапка, законите како што е и овој за предвремено пензионирање, ќе се разгледуваат, без да расправале матичните комисии. Не знам дали во еден Парламент тоа е возможно и дозволено.

Согласно Деловникот, Вие знаете да постапите, бидејќи ја отворивте расправата, треба да бидете свесни дека матичната комисија на која претседавам, за труд и социјална политика, не го разгледуваше ова прашање, бидејќи ова ќе го реши Парламентот, дали ќе се расправа на оваа седница или не. Тоа ќе го расправаме и парламентарното мнозинство ќе го донесе овој закон. Исто така, јас се пријавив за оваа расправа, но очекувам дека и претставникот на Владата, кој го чекавме еден час, ќе треба да каже нешто, а јас сум спремен да го сослушаме, бидејќи се работи како што и самиот кажа за спроведување на стратегијата за реформи во Република Македонија, во кој составен дел е реформите во јавната администрација, што е многу битно, многу важно, за целокупните структурни реформи и би го цитирал самиот премиер на македонската Влада, кој истакна дека тоа е влог за иднината на Република Македонија.

Економските реформи, без реформите во политичката сфера, особено без мала, ефикасна, деполитизирана управа, во никој случај не може Република Македонија да ја воведиме во Европското семејство.

Па затоа, господине претседателе, доколку сметате дека е така, а и претставникот на Владата не побара збор, ако смета дека треба да му се обрати на Парламентот, јас сум спремен, како претходно поставено прашање да се повлечам и да го сослушаме.

Затоа би сакал, согласно Деловникот, да се изјасни претставникот на Владата доколку е можно.

Сметам дека треба да ја искористи можноста да се јави за збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Александар Гештаковски, побара претставникот на Владата да се произнесе.

За збор се јави господинот Џевдет Насуфи, претставник од Владата.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Господине претседателе, дами и господа, јас се согласувам со констатацијата на пратеникот, дека е не возможно остварување на било која реформа во земјата, доколку не извршиме реформа во државната администрација.

Тоа е битен предуслов и мораме со жалење да констатираме дека со овие реформи, со прилично задоцнување почнуваме.

Од тие причини, целисходен беше предлогот во скратена постапка да се разгледа овој предлог на закон.

Се знае, од искуствата на други земји, дека реформските процеси во јавната администрација, во самиот свој почеток се не возможни, дури без вакви административни зафати.

Меѓутоа, тоа е само еден чекор и тоа само прв чекор. Ние го избравме, исто така, се определивме за овој начин, од причина што, применувајќи ја одредбата, односно комбинираниот процес, односно години на стаж и години на искуство, дојдовме до едно максимално решение и тоа во тесна соработка со ММФ, а поготово со Светската банка.

Од тие причини, јас ќе се навратам и на поднесениот амандман кој не е прифатлив за Владата, од една проста причина, што финансиските можности, не можат да го покријат тој товар, тоа оптоварување, бидејќи и владината прва верзија беше таква.

Меѓутоа, по извршените консултации, ние не успеавме да го дотуркаме таквото решение.

Инаку, јас не сакам да го коментирам во детали текстот на законот, односно веќе забележувате дека се оди на решение кое значи 20 години работно искуство, во кои битно ќе бидат годините на живот, тоа е едната варијанта и за оние што исполнуваат за мажи 63 години и жените 58,5 години старост.

Другата категорија која исто така е значајна, тоа е одредбата по која во предвремено пензионирање одат сите кои исполнуваат работно искуство 35 години, без разлика на години на живот. А трета категорија ќе бидат оние кои, до 31 декември, се разбира, го исполнуваат условот 30 години работно искуство, без оглед на години на живот, со таа претпоставка да поднесат писмено барање.

Се разбира, законот се применува до 31 декември, мислам дека е ова прилика да го исправам и господинот пратеник, кој го изнесе тој податок, дека примената ќе почне од 1 јануари, така да во основа овие се познати и применети начела и критериуми во сите земји во транзиција.

Второ, да се разбере дека законот е изработен, во тесна соработка со Светската банка, поготово од една причина, што ние цениме, дека ќе имаме извесна финансиска поддршка, за овој сегмент на реформата на јавната администрација.

Исто така, консултирани се и експертите, нашите внатрешни и експертите од ФАРЕ програмата и т.н.

Меѓутоа, јас морам да истакнам, дека овој закон е во склоп во пакет, со следните закони, кој претстојуваат и ќе бидат објект на ваше разгледување, како што е, Законот за Владата, Законот за органите на управата и т.н.

Исто така, предвидуваме дека покрај овој закон, во кој сепак, дадовме една можност, имајќи предвид дека тешко се создава научниот кадар на Универзитетите, да ја исклучиме од примена одредбата од Законот во одделни сегменти за професорскиот кадар на нашите Универзитети, бидејќи таму се работи за професори, редовни, вонредни, доценти и т.н.

Во текот на оваа година во контекст на овој закон, исто така ние предвидовме да излеземе и со предлог на приватизацијата во одделни сегменти, а исто така ќе се разгледа и можноста да се применува и критериумот на технолошкиот вишок, кој е малку посложен процес, меѓутоа, секако дека и тој ќе се воведе, во еден од начините на редукција на јавната администрација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер Џевдет Насуфи за воведното излагање.

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, мислам дека во едно сме сите согласни и сложни дека реформи во јавната администрација се потребни и целта кон која треба да дојдеме да создадеме ефикасна, мала администрација, која ќе одговара на економската моќ на Република Македонија и ќе ги исполнува барањата на граѓаните или како што некој се произнесуваат да бидат сервис на граѓаните.

Целта ми е јасна и зацртана. Во таа смисла, благовремено и Македонската Влада пристапи кон реализираше на таа цел, некаде во мај 1999 година, донесе стратегија за реформи во јавната администрација.

Таа стратегија која беше усвоена од Владата и доставена до Парламентот, а. не беше разгледувана од страна на Парламентот, укажуваше на главните насоки како треба да тече реформата, како да се остварува, како динамички да се надградува и која ги користеше искуствата од другите земји за реформирање на јавната администрација, што морам да кажам од досегашното искуство, нема земји во кои јавната администрација не се одвивала за 10, 15 години, со сите придружни мерки.

И кај нас можеби ќе трае, но министерот кажа дека ова е еден сегмент, па ќе дојдат другите сегменти и во целина никаде не се доведува. Ние не знам во која фаза, можеби овој Парламент кој што тргна и претседателот кој што дозволува, односно парламентарното мнозинство, ние и другите закони и клучни закони кои ќе се донесуваат со двотретинско мнозинство и со 81 пратеник, можеби ќе гледаме во една фаза. Нема потреба ниту од предлог, ниту Предлог за донесување на закон и нацрт на закон.

Господа пратеници, во парламентите постои читање на закони. Затоа се читаат закони. Не може сега и амандмани да гледаме и да го надградуваме системот. Но, така решила Владата. Министерот вели, расправаше четири, пет пати и ќе го усвоиме. Тоа е во ред. Ние во овој Парламент не го воведуваме системот на читање на закони и на фази на закони, затоа донесуваме такви закони. Но, што е најболно и најлошо и најтрагично во овој момент, самата Влада ја напушта стратегијата за реформа. Во дадениот концепт, односно Владата нема концепт за реформа и фактички морам да кажам дека почнуваат со овој закон да тактизираат со реформите, без особена желба да ги завршат реформите и во овој сегмент за јавната администрација. Зошто тоа го велам? Тоа го велам затоа што ги немаме другиот дел, го немаме Законот за Влада, го немаме Законот за органите на државната управа, го немаме Законот за државните чиновници. Баш напротив стратегијата за реформа на администрацијата во Република Македонија која е изработена морам да кажам од претходниот министер, кој беше министер за правда и кој имаше големо искуство и во претходниот систем кој ги користеше искуствата, бидејќи мораме ние овде да напоменеме во Република Македонија и на министерот сигурно му е познато некаде 1989 година спроведовме ваква реформа. Спроведовме реформа уште поригорозна со 25 години стаж и со 80% отидоа луѓе во пензија и ништо не направивме и во однос на бројот и во однос на ефикасноста. И тоа искуство треба и светските искуства во стратегијата во делот на изградба на јавната администрација.

Во самата стратегија, би ја интерпретирал, се вели дека не е препорачливо поставување годишни процентуални и таканаречени таргети во однос на стратегијата, во однос на поединечно или изнимка во однос на бројот на напуштање, односно отпуштање на работниците, или прогласување како технолошки вишок. Тоа е многу битен аспект, бидејќи стратегијата нуди многу други реални можности што самата Влада, Владата нема изготвено акционен план, или програма за реформи во државната администрација. Без тој акционен план ние не можеме да го поддржиме ниту овој закон, ниту да спроведуваме реформи. Што би содржел? Најнормално од стратегијата произлегува, самата стратегија кажува, тоа е, кој е бројот на министерствата, во кое министерство колку се потребни работници по систематизации, сите тие да се прераспоредуваат, сите тие да можат да се пренесат од едно министерство во друго, што е можно да се приватизира од делови. Сигурно и Владата размислува за тоа. Тоа е во стратегијата кои делови?

Од оваа говорница беше најавувано дека Министерството за одбрана со пензионирањето ќе дадат фарми, ќе дадат задруги на офицерите, што не е издржливо во тој дел. И сигурно во таа една целина кога би се гледале сите тие преквалификации, доквалификации, па тогаш е предвремено пензионирање, технолошки вишок. Во една целина ние ќе ја согледаме целокупната реформа и тогаш можеме да ги поддржиме и бројот на вработените и да создаваме администрација. Во дадениот случај што се случува? Во дадениот случај Владата предлага да се отпуштат од работа кадри со 35 години работно искуство, односно да одат во предвремена пензија, иако морам да истакнам тоа е единствено право на предвременото пензионирање согласно поранешниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување и сега како можност е укинато. Во тоа предвремено пензионирање нема никаков критериум,

освен времето. Тоа создава можност за размислување кај пратениците и кај јавноста дека Владата сака да отпушти одреден број на работници со поинакви политички гледања и на нивното место да донесе вработени, да ги вработи со политички гледања од делот на Владината коалиција. Владата не кажува и не се произнесува дали понатаму ќе вработува, или нема да вработува, а јасно е дека во делот мора да се вработуваат, во делот на образованието и во другите делови, јас подоцна би зборувал и за тој дел.

Исто така, би можела да се сфати реформата на државната администрација со оваа мерка и другите мерки кои не можеме да ги согледаме и да ги видиме, кои ни се даваат на парче, дека Владата сака да вработи послушни политички кадри од владините партии, а оние кои се стручни, кои се со други политички гледања или немаат своја определба, бидејќи јасно и согласно Уставот до одредено ниво владините административци, односно во јавната администрација не би можеле да имаат свое политичко определување, да се определуваат и да се изјаснуваат за партија. Тоа е едниот дел што сака да се постигне.

Другиот дел кој овде беше доста произнесен, тоа е задоволувања на Светската банка и ММФ. Точно е во реформите со нив за да пристапиме и да склучиме аранжмани треба да се извршат реформи во администрацијата и да се добијат одредени средства за реформи кои се зацртани, мислам околу 30 милиони или 25 милиони. Но, во никој случај министерот кажа, јас го прашав директно, мои сознанија се дека Светската банка не се согласува со ваквиот начин на реформи, на правење на парче и оптоварување на Фондот за ПИО и не знам до каде се тие преговори и дали е постигната согласноста. Исто така, ваквото носење на овој закон вон контекстот на реформите и на пакетот реформи исто така треба да се постигне целта во која со Буџетот на Република Македонија, кога го проектиравме и овој Парламент, кога го донесуваше беа предвидени плати само за 10 месеци проектирани во износ без зголемување и во тој случај сигурно треба да се намали Буџетот, да се створи фондот за исплата на помалиот број на вработени, а од иста страна да се искористат и средствата кои беа предвидени со Буџетот за Република Македонија за уплаќање во фондот што е решение на законот. И тоа е во извесна смисла во ред. Важен е и друг дел на законот што е голем недостаток, во овој закон немаме никаква анализа. Можеби е еден од првите закони во кој министерот и Владата избегнуваат да дадат анализа. При поставување на пратеничките прашања и на седници на нашиот Парламент и често пати се бараа податоци колкав е бројот на вработените во Република Македонија, колкав е бројот на невработените, колкав е бројот на вработените во јавната администрација, колку се примени во последната година, такви податоци немаме што е малку нелогично за да расправаме. Ние немаме податок колку државни чиновници или делови од јавната администрација ќе подпаднат под овој закон. Тоа го нема во образложението.

Министерот избегнува или не сака да го каже тоа, дали ќе бидат 5.000, 3.000, 10.000, да видиме колкава е цената. Тоа го немаме. Како можеме да расправаме по закон и да го поддржиме законот кога ги немаме овие основни податоци. Немаме основни податоци колку се вработени во јавната администрација во Република Македонија и дури јас би сакал од оваа говорница да укажам, премиерот на македонската Влада укажа пред овој Парламент дека, прв пат во историјата на Република Македонија имаме воведено евиденција.

Господа пратеници, евиденцијата за државната администрација е од 1945 година и од 1968 е воведена и преку обрасците М1 и М4, преку Заводите за вработување. Евиденција имаме. Никој не ја кажува. Не знам зошто се избегнува да се каже колкав е бројот на вработени, колкав е бројот на вработени во образованието и колку ќе подпаднат под удар на овој закон. Тоа е недостаток. И на крајот на краиштата колкава ќе биде цената. Ние како пратеници мораме да одлучиме, да го имаме тоа. Одредени сознанија и анализи и аналитики што треба да се направат, овој закон нема анализа и нема аналитика. Одредени сознанија што ги правиме и затоа кога ќе дојдам кај законот не држи објаснувањето на министерот. Ако амандманите кои ги имам јас поднесено и кои ги има пратеничката група на ДА ќе ги зголемат износите, ќе дојдеме на тој дел, не ги зголемуваат. Ако одат 6.000 административно вработени, реформите Република Македонија би ја чинеле од 5,5 до 6 милијарди денари. Тоа го немаме. Дали ќе одат со 3.000, со 5.000, како да расправаме. Проценки ние сами правиме, бидејќи за просечна пензија проценките се знаат и нема да има никакво зголемување, ако го зголемиме процентот на овие

вработени да ги изедначиме со Уставот и со законот. Значи ги немаме тие податоци.

Бидејќи ги немаме тие податоци, не знам како може да расправа Парламентот и да го поддржи тој предлог. Сигурно министерот, треба да знае и македонската јавност колку ќе одат во предвремена пензија. Познати се елементите, не е ништо непознато. Владата испрати обрасци и ги има во Министерството за правда, најнови, најажурирани обрасци.

Јас како пратеник и претседател на Комисијата не знам колку луѓе ќе ги опфати, не знам колку граѓани на Република Македонија вработени во државната администрација ќе одат во пензија, затоа што имаме јасни показатели со 35 години работен стаж без оглед на години на старост по сила на закон им престанува работниот однос со 62,5 години за мажи и 58 за жени им престанува работниот однос по сила на закон, со влегување на сила по осум дена и за месец дена овие луѓе ќе добијат решенија. Треба да го знаеме тоа. А друго е што се однесува за другиот дел од одредбите на законот, кога доброволно одат со 30 години работен стаж, па да потпишат изјава. Тоа е тој дел. Мислам дека има и уште еден дел, треба да се каже јасно пак ќе повторам, ќе вработуваме повторно, или нема да вработуваме. Не може да не се вработи по мое согледување и најнови податоци имаме во средствата за информирање околу 2.106 ќе одат во образованието, средно и основно. Таму мора да се вработат. Проценки се ако отпуштиме во образованието 2.106, сигурно мора да вработиме 1.500, 1.800. Зошто се прави така? Зошто овие луѓе кои почнале во 1965 да работат како учители, дошле до професори, да ги отпуштиме и да примаме. Точно е дека ни требаат млади стручни кадри, но сфатете дека се создава сомнеж и кај опозицијата и во јавноста дека се прави оваа реформа да се отпуштат луѓето, кои дале допринос во сферата на образованието и во другите сфери да се вработат по политичка основа луѓе и тоа пред парламентарните избори. Тоа е сомнежот кој што постои во јавноста и во македонскиот Парламент.

Друг битен елемент што недостасува и што не би можеле да расправаме, тоа јас и претходно, пред скратување на роковите што сакав да го истакнам, а тоа е дека немаме никаква јавност, немаме никакво информирање и морам да кажам како претседател на матичното тело, а претседателот на Собранието ми достави таков допис, не знам дали е доставен и до другите пратеници, се произнесе и Синдикатот, односно на вработените во Управата, правосудството, општествените организации и здруженија на граѓани. Тие укажуваат и се повикуваат на меѓународни норми дека, тие морале да бидат вклучени. Ние во овој Парламент имавме една таква расправа и мислам дека тоа беше Законот за ПИО. Министерот за труд и социјална политика направи напори, преговараше со економско -социјалниот совет, со Синдикатот и сигурно се изгладија некои работи. Владата ја прави истата грешка. Со овој закон не е консултиран Синдикатот, не е консултиран Синдикатот на управата и правосудството и сигурно е тој нивни, не на Владата и на луѓето кои ни ги доставија тие барања. Тие имаат доставено заклучоци и до вас и до мене и до цел Парламент, во кои што се вели согласно меѓународните конвенции и препораки на претставниците на Светската банка, ММФ, ЕУ за задолжително вклучување на синдикатот. Тоа ние го имаме потпишано со овие институции и треба да се како партнер во преговорите, легитимен претставник застапник во своето членство за да се усогласат. Не е толку времето што не е недостапно за да се усогласат овие односи.

Морам да кажам и министерот да каже во делот на оптоварувањето, цената на реформите и исто така многу е битно да го расчистиме во делот на пензиското и инвалидското осигурување. Ние укажувавме од оваа говорница за уставност на овој закон и неуставност, иако постојат во законот за пензиско и инвалидско осигурување одредени одредби во кои се вели за специфични работи или органи можат да се предвидуваат поинакви норми, поинакви превземања во однос на одредени институции или вработени. Затоа се користи оваа можност, но во делот на средствата и недостатокот на фондот за ПИО сигурно ќе имаме одредени последици, бидејќи овие средства до остварување на право на пензија ќе ги остварува Буџетот и тука не е спорно. Буџетот ќе лимитира во Фондот за ПИО, тие ќе ги остваруваат таму. Но, ако отпуштиме 6.000 луѓе предвремено во пензија фондот ќе остане без придонесите од 20% од бруто од платите, таму прилив нема да има. Тој недостаток сигурно треба да го оствари Буџетот, да дотира од Буџетот, или пензионерите ќе останат во делот куси во остварување на тие права. Ова се неколкуте општи констатации во однос на тоа зошто не требаше во скратена постапка и во основа зошто овој закон во принцип не би требало да го поддржиме,

потребата за донесување и надградба на правниот систем во делот за остварување на предвремени пензии, бидејќи во основа требаше да се остварат овие претходни дејствија, или заедно нај паралелно во овој Парламент да расправавме за вистинска реформа во државната администрација.

Другиот дел е што нуди самиот закон? Како што истакна и министерот, тој е краток со неколку определби во кои, да не повторувам, одредена категорија на луѓе одат по сила на закон и го користат само правото за предвремено пензионирање, во никој друг случај не го користат тоа право. И правото на изнимка за делот на универзитетските професори. Кога Владата расправаше по овие закони, ценејќи ја важноста на овој закон и реформите во државната администрација и самиот премиер одржа Прес - конференција. Тој тогаш пред целата јавност истакна.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Премиерот пред целата јавност истакна дека никој нема да биде оштетен, на сите ќе им се надомести, дури мислам дека, не би го цитирал, истакна дека 80% ќе имаат од пензиската основица. Дури, пред македонската јавност премиерот кажа дека најповолните 10 години ќе служат како основа за остварување на правото на пензија. Изгледа тие сметки Владата ги направи без одредена аналитика. Во овој закон немаме такво решение. Во овој закон за остварување на правото на предвремена пензија имаме спротивно решение, имаме решение дури спротивно на Уставот, имаме решение дури спротивно на правниот систем на Република Македонија. Правата се користат од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно осигурување, со тоа што се користат одредбите кога можеше да се оствари правото на предвремена пензија и се користат тие проценти. Во што се состои конкретно тоа?

Конкретно се состои во тоа што маж административен работник со 35 години пензиски стаж ќе оди во пензија со 71% од основицата која ја остварил во сите 35 години, а жена со 35 години исто во тој дел на остварување на правата ќе оди со 80%. Замислете случај, јас тврдам, иако не може никој да тврди, но претпоставувам дека ова на Уставен суд нема да издржи и затоа Владата треба да прифати амандман или укажуваме и самата да поднесе амандман, бидејќи тоа е неиздржливо. Што би значело тоа во практиката? Би значело следното: Се вработиле учител и учителка во 1965 година во одредено село или град на работа, а знаете тогаш по селата обично учителот се женеше со учителката, работеле, дошле до професори, цел живот земале иста плата, а сега кога ќе ги пуштиме во пензија ќе земат апроксимативно, ако административната пензија односно приближната пензија е 300 марки, мажот ќе зема 250 или 260 марки, а жената ќе зема 300 марки. Тоа е не издржливо, а тоа го предлага овој закон. Законот предлага такво решение и по стручно ако кажеме, и во стартот ги користи правата, што би значело и по инаков однос на правата. Ова е нај типичниот пример со 35 години работен стаж. Бидејќи законот дава можност во решенијата од законот - можеби жените во Парламентот се по супериорни, па и тие сигурно нема да го подржат ова решение, да се привилегирани жените во однос на мажите барем во пензијата, барем во јавната администрација.

Законот овозможува во другиот дел да се оди во пензија со определени години на старост и 20 години стаж. Со 20 години стаж би одел маж со 44% од просечната плата што ја имал 20 години, па староста и 44% би остварил, а жената би остварила 53%. Истата неправда се создава. Како настанало ова и Владата не го определила? Знаете што беше во претходниот закон, тој мислам дека мораше да го види Владата и надлежните министерства и да го усогласи. Жената одеше со 35 години по сила на закон, мажот одеше со 40 години. Коефициентите се усогласуваа за жената до 30 години, и остваруваше 85%, а подоцна со измената на Законот 80%. Тие коефициенти при усогласување, валоризација и заменската стапка беа поинакви. Не користиме овде право на предвремена пензија, туку одат со подеднакви услови и затоа требаше да се усогласат.

Амандманите што се поднесени подоцна би ги образложил, но да кажам дека со нив тоа се усогласува. Меѓутоа, да сфатиме колку би било тоа со 20 или со 25 години. Со 25 години по основ на старост, мажот би одел со 53% и можете Вие да пресметате колку е. Не зборуваме за износот, за висината на пензијата. Тоа е со 53%, коефициент за валоризација и што би остварил за 30 години, а жената би одела со 27 години ако е со 56,60% би одел мажот, а жената би одела со 65,60% и така доаѓа до 35 години. Предложивме одредени амандмани кои би се усогласиле и би ги донеле во рамноправна положба и мажот и жената за остварување на правото. Во меѓувреме морам да истакнам дека и

Демократската алтернатива даде слични амандмани или стартната стапка која се предлага тие ја зголемуваат, бидејќи со мојот амандман се предлага 55% за маж и за жена 57%, тие предлагаат друго. Кога ќе дојде расправата ќе кажам и за тоа.

Во општата расправа, заради ова што го кажав претходно ние не би го подржале овој закон од овие причини, но доколку владиното мнозинство го подржи односно сигурно ќе го подржи Предлогот за донесување на закон, апелирам и во расправата по амандманите да дадеме свој придонес, би сугерирал да ги поддржи амандманите, за да ги доведе во рамноправна положба и мажот и жената.

Тоа се оние укажувања кои би сакал да ги истакнам во овој дел.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Гештаковски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Илија Илоски, но не е тука.

За збор се јави г-динот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, најпрво дозволете ми да го изнесам моето мислење дека не е добро што се направи преседан, кој може да ни стане практика во иднина, Собранието да разгледува одделни прашања, без да има соодветно мислење од матичната Комисија, односно без расправа во работните тела.

Мислам дека ова е лош пример како треба да работи Собранието на Македонија, дотолку повеќе што Вие сами рековте г-дине претседателе, доколку се уврсти точката на дневниот ред, тогаш ќе се даде пауза и матичната комисија ќе расправа по истиот, а откако ќе заврши седницата на Комисијата, односно матичната Комисија на Собранието, Собранието ќе отвори расправа по истото. Би сакал ова да биде последен пример на ваков начин на работа на Собранието.

Второ, сметам дека не е добро што Собранието на Републиката денес прифати да расправа по овој акт, односно по оваа точка од дневниот ред, од причини што сметаме дека реформата на јавната администрација е едно од клучните прашања воопшто на реформите во една земја и тоа е еден од условите за успешно спроведување на реформите во останатите области.

Лично ценев и очекував дека Владата на РМ, на Собранието ќе му понуди пакет на мерки и закони и ќе отвори една општа дебата и расправа пред Собранието на РМ, па ако сакате и една јавна дебата надвор од Собранието на РМ, во која она што беше наречено стратегија за реформи во државната и воопшто во јавната управа ќе добие во тежина и ќе биде обликувано во законите, што ќе имаат општ консензус во една таква расправа и од сите политички партии претставени во најмала рака, во Собранието на РМ, која би била предуслов за успешно спроведување на истото. Вака сепаратно гледање само на еден акт, кој во најмала рака, иако е најболен, но по својата содржина и суштина е маргинален во споредба со актите кои треба да следат за спроведување на ваквата реформа, ценам дека е сериозен поттик на Владата на Република Македонија. Ние требаше најнапред да го видиме Законот за Владата на РМ и она што е концепт на Владата, која во соработка со соодветните органи на Европската унија, ќе биде извршен орган на Република Македонија. Да го гледавме Законот за органите на управата, Законот за државните службеници, како што беше спомнато, како и Законот за платите на државните службеници, државната управа на РМ. Без тие акти ние одиме со еден ваков брз чекор, кој во текот на расправата се нуди на усвојување и кој несомнено Собранието на РМ, имајќи го предвид соодносот на силите, ќе го усвои. Но бидете убедени дека овој закон ќе остави длабоки последици по три основи, и тоа:

Прво, по граѓаните односно вработените во органите на државната управа, со оглед на условите, под кои тие ќе бидат испратени во пензија принудно без нивна волја.

Второ, по Буџетот на Република Македонија.

Трето, во однос на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Четврто овој потег може да биде дури не компатибилен со пакетот на Закони за реформи на јавната администрација.

Лично сметам дека овој закон требаше да се разгледува и да биде последен во тој пакет на мерки, откако ќе беа направени стручни анализи што сакаме со реформата на јавната администрација, како ќе бидат организирани министерствата и колку ќе имаме, ќе беа утврдени точно актите за систематизација на работните места и описот на работните места и отпосле ќе се знаеше точно кој кадар е вишок во органите на јавната администрација и како тој број на вработени во јавната администрација ќе се распоредува во органите. Без една ваква анализа не

случајно денес имаме точна бројка, колку луѓе ќе бидат опфатени со овој закон, што ќе значи тоа како финансиско оптоварување на Буџетот на РМ и низа други прашања без одговор.

Сметам дека одредени мерки кои се направени во меѓувреме, не одат во прилог на спроведување на ваквата реформа, туку се во спротивност со преземените мерки што сега се прават. Во колку ги читавте причините поради кои треба да се донесува ваков закон, меѓу другото стои: "Поаѓајќи од наведените цели во Стратегијата за создавање на мала ефикасна јавна администрација, како императив се наметна потребата за преоценување на вкупниот број вработени кај идните корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија". Со еден збор, цел на овој закон е рационализација на јавната администрација. Но во исто време, оваа Влада во период од неполна една ипол година вработи 12 илјади нови лица. Од една страна преземаме чекор да ја намалиме бројката на вработени во јавната администрација, а во исто време двојно го зголемуваме бројот на ново вработени во јавната администрација. Тоа е едно.

Второ, се тврди дека со оваа мерка всушност ќе се создаде по ефикасна, по мала и по рационална администрација, а во исто време со одлуки на Владата на РМ скоро сите министерства ги сменија актите за систематизација на работните места и во исто време ги укинаа условите кои бараат соодветно образование и стручна подготвеност за извршување на одговорни задачи во органите на државната администрација. Денес, не случајно во многу ресори на Владата на РМ, така наречените подрачни министри, односно началници на подрачните единици на министерствата се без соодветно образование, односно со средно образование. Како мислиме да направиме стручна и ефикасна администрација со вакви мерки и дали ваквите мерки одат во прилог на Стратегијата за создавање на ефикасна и рационална администрација.

Понатаму, со овој закон, како што беше изнесено и од претходниот дискутант, ќе се ставаат во не рамноправна положба мажите и жените од причина што, немајќи ги предвид одредбите на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, предлагачот односно Министерството за правда имал предвид во утврдувањето на пензиската основица, односно стапката на пензијата и ќе се доведеме во ситуација првиот покренувач на оценување на уставноста и законитоста на овој акт пред Уставниот суд, законот да падне односно да се прогласи за не уставен, од причини што под еднакви утврдени законски услови за основање на работен однос и под еднакви услови за остварување на право на пензија, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, лицата кои ќе бидат под удар на овој закон ќе имаат различни заменски стапки на пензија, односно мажите, како што беше изнесено, со 20 години работен стаж и години на старост 63 години и 20 години за жени работен стаж и 58, 5 години старост жени ќе остваруваат различни пензии, односно нивната заменска стапка на пензија ќе биде различна односно 44% за мажи и 53% за жени, заради тоа што начинот на усогласување на пензиите, односно нивната пензиска основица ќе биде различна, од причина што различни ќе бидат утврдувањата на заменските стапки кај мажите и жените заради различниот потребен услов на стаж кај мажите и жените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Кога се покренува прашањето да се надмине ваквата ситуација и да се утврдат подеднакви услови на остварување на право на пензија меѓу мажи и жени, одговорот е тоа дека не смее и не може заради оптоварување на Буџетот, односно предизвикување на дополнителни финансиски средства, би се согласил со ваквата констатација да ја немам предвид перманентната изјава на премиерот дека Македонија има многу пари, дека Буџетот е полн и дека не знаеме што всушност да правиме со тие пари. Се прашувам за што всушност Владата ги чува тие пари во Буџетот, ако не за вакви случаи.

Понатаму, сметам дека овој акт е директно спротивен на реформите на пензискиот систем. Навистина не ми е јасно, кога расправавме за реформите во пензискиот систем, со оглед на фактот што веќе се зборуваше за евентуално поднесување на ваков акт, упатив прашање до министерот за труд и социјална политика, на кое за жал не добив одговор, каков е ставот и мислењето на овој ресор во однос на ваквиот предлог и дали Светската банка е доволно информирана за овие постапки и каков е ставот на Светската банка визави реформите во пензискиот систем, кога е во прашање еден ваков став.

Образложенијата од типот дека нема да го оптовари Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше овој акт, од причина што пензиите од овој тип ќе ги алиментира Буџетот на РМ не држат, од

причини што, како што истакна и претходниот дискутант, во исто време приливот на придонесите за толку лица колку ќе бидат под удар на овој закон, Фондот за пензиско инвалидско осигурување ќе ги нема. Тоа е едно.

Второ, Вие се сеќавате дека една од главните определби на оваа Влада беше дека ќе преземе соодветни мерки за намалување на јавната потрошувачка и во таа смисла рационализација на користењето на средствата од Буџетот, со што ќе се растоварат даночните обврзници и ќе има забрзан раст на стопанството во РМ. Во прилог на таквата теза, ако се сеќавате, беа основните аргументи поради кои беше укинат Законот за зголемување на вработувањата на РМ, со образложение дека се оптоварува Буџетот на Република Македонија. А сега во сито време на купче земаме 5 илјади, 6 илјади, не знаеме точно колкава е бројката, ги тераме во пензија, всушност тие лица да не работат, во исто време да примаат пензија, а да ги плаќаме од Буџетот. А кога претходната Влада со само алиментација, односно исплата на придонесите вработи над 40 илјади само за една година, се презема мерката да се укине тој Закон со образложение дека се оптоварува Буџетот, додека сите тие вработувања беа во приватниот сектор, затоа што со Закон беше ограничено да не важат за јавниот сектор односно администрацијата, јавните претпријатија и локалната самоуправа.

Која е логиката на преземањето вакви мерки и вакви чекори во случајот и кои се аргументите на Владата за вакви чекори?

Сигурно дека има и многу други прашања кои можат да се поставаат во случајот, но да не должам повеќе. Сметам, ако е ова цената која треба да се плати во моментот заради ова прашање, тогаш во најмала рака Владата односно предлагачот треба да ги прифати амандманите поднесени од било која пратеничка група, кои одат во прилог на подобрување на социјалниот статус на овие лица, кои ќе бидат корисници под удар на овој закон.

Според пресметките направени лицата кои ќе бидат под удар на овој закон, грото од тие лица, ќе остваруваат минимална пензија и тоа благодарејќи на одредбата од Законот за пензиско и инвалидско осигурување според која државата гарантира минимални пензии. Инаку во спротивно, пред претпоставка, лице кое со средно образование е вработено во органите на државната управа, според постојната регулатива за исплата на плати во Република Македонија, износот на личниот доход остварен во јавната администрација за тие лица со таква стручна подготовка изнесува околу 6.000 денари. Со примената на овој закон, односно остварување право на пензија на само 44%, тие лица нема да примаат пензија ни од 3.000 денари, односно таа пензија ќе биде испод 3.000 денари.

Сметам дека непримерни се ваквите чекори и Владата навистина треба дебело да размисли и во најмала рака треба да ги прифати амандманите, со кои ќе се изедначат условите за пензионирање меѓу мажи и жени и да се подобри колку толку социјалниот статус на тие лица, кои паѓаат под удар на тој закон и да не создаваме дополнителни социјални случаи, односно средствата од трансферите за социјалниот сектор да ни се зголемуваат и по основ на овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Насер Зибери за учество во расправата.

Почитувани пратеници, сакам да ве известам дека ние се уште водиме расправа по Предлогот за донесување на законот. Тогаш кога ќе отвориме општ претрес по Предлогот на законот, а на барање на претседателот на матичната комисија, јас ќе ја прекинам седницата и ќе заседаваат матичните комисии. Тоа е претходната фаза.

Според тоа не ускратувам ничие право да можеме да го разгледаме законот и во рамките на комисиите. Ние сега водиме претходна расправа. Тоа е Предлогот за донесување на законот. Понатаму ќе видиме дали има потреба да се произнесат претседателите на соодветните комисии и да го разгледаат одделно на седница и да изградат свои заклучоци.

Одиме понатаму со расправата.

Господине министер, предлагам да ислушаме уште неколку пратеници, колку што имаме пријавено па после вие можете да дадете еден збир, односно да се искажете после нивните дискусии.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министер, почитувани колеги.

Јас очекувам некои од претставниците на парламентарното мнозинство да земат учество по овој закон. Претпоставувам или не се многу инспирирани или нема многу аргументи да

се брани причината за донесување на овој закон.

Јас сметам дека навистина нема ниту една валидна аргументација овој закон да се донесе во ваква процедура како што се предлага денес. Знаете што, во правото има и една мудрост која говори дека, навремена или предвремена правда е еднакво на неправда.

Граѓаните на Република Македонија овој закон треба да го прифатат како свој, да го чувствуваат како неопходност и да учествуваат во реформите на Република Македонија, бидејќи тие се најмногу заинтересирани за што побрз излез од кризата, се разбира заедно со нас и Владата и Парламентот. Ако се наметне решение кое граѓаните нема да го прифатат како свое, како добро, верувајте законот ќе се доживее како неправда. Потполно ги апцетирам сите оние размислувања што господинот Зибери ги кажа, он е многу компетентен, бидејќи беше министер на еден ресор, во 1998 година, кој во оваа сфера ги покриваше прашањата и не сакам многу тука да зборувам. Сакам само да додадам дека овој закон е штетен за Република Македонија. Овој закон не значи реформи. Ако не е комплементарен, заедно со Законот за Владата, за платите на државните службеници, за реформите во државната управа, она што го најавувавте како потреба за намалување на бројот на министерствата, кој автоматски ќе значи намалување на бројот на вработените во државната администрација, а најавивте како Влада донесување на еден таков закон и веројатно се вознемирија духовите и тука иницијативите спласнаа. Или премногу беа жестоки новинарите, каде што постојано ја префрлате вината, како што беше и на претходната расправа и за Танушевци и за сите други случаи и настани, криви се новинарите, виновни се тие што ги отвараат прашањата, а не Владата која не нуди соодветни решенија. Така е и во овој случај.

Мораше да се излезе заедно, како што реков погоре, а ќе ви кажам од кои причини: да се излезе заедно комплементарно со сите овие закони за и ние како Собрание, а и македонската јавност да бидеме уверени дека станува збор за реформи, а за реформи сме сите и ова Собрание и позиција и опозиција и граѓаните на Република Македонија. Ако тоа не се чини така, а најдобар аргумент дека не се чини така е начинот на кој што оваа точка денес дојде на дневен ред, по итна постапка, нешто што задира длабоко во интересите на огромна структура на вработени во Република Македонија. Да не се даде шанса да се штитат нивните права преку Синдикатот кој што ги застапува. Освен тоа, за остварувањето на правата на вработените имате три партнери. Тоа се Комората, Владата и Синдикатот, кои што преговараат за статусот и за решавањето на статусот на статусните прашања на граѓаните, на вработените. Овде тоа е игнорирано. Имаме едно многу оскудно образложение. Јас мислам не случајно овде каде што се зборува за финансиски средства потребни за спроведување на овој закон, нема никакви квантификации, само се вели дека средствата ќе бидат обезбедени со Буџет, а Буџетот ќе се реализира така како што говореше господинот Зибери и господинот Гештаковски не може поинаку. Како ќе се алиментира, од кој дел, тој Буџет. Вие во овој закон моравте да дадете квантификации во смисла толку и толку има вработени во државната администрација со таква и таква структура. Ефектите се тие и тие. Со нивното предвремено пензионирање што ќе се добие. Квантификации се следните. Толку и толку средства се потребни од Буџетот, а ние компетентно како Собрание да одлучиме овде дали Република Македонија има потреба во овој момент, треба да издвои толку средства за таа намена и дали ќе се постигне основната цел државната администрација да стане ефикасна, стручна, компетентна, а на луѓето кои што се над определен број на години да им се обезбеди мирен живот со достоинствена пензија. Пензијата не е достоинствена и животот не може да им биде спокоен и мирен. Кажа господинот Зибери колку од прилика ќе изнесуваат тие пензии на вработените.

Дека македонската јавност се дезинформира за вистинските причини, јас ќе се послужам само со неколку илустрации, без големи елаборации, само на нај, би рекол, репрезентативни примери. Според податоци што ги, тоа се податоци од Републичкиот завод за статистика. Значи според податоците со кои располагам, бидејќи секој од нас како пратеник може да ги побара од надлежните институции да ги добие. Само во МВР после 1.12.1998 година примени се 427 лица. Тоа е од 1.12.1998 година до пред една недела. Во Министерството за одбрана примени се 334 ново вработени. Во Електростопанство и т.н. Јас ги кажувам нај екстремните примери.

Дали можете со ваква скудна аргументација да не уверите нас пратениците и македонската јавност дека не станува збор за закон, кој има исклучително

политички импликации. Сите вработени кои имаат над 27 или 30 години работен стаж да ги напуштат работните места а на нивно место да дојдат луѓе кои веќе се вработени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Петковски, јас би сакал да ја поздравам Данската делегација на чело со спикерот на Данскиот Парламент, кои досега ја следеа расправата и си заминуваат. (Аплауз). Повелете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали навистина, ако ги немаме овие квантификации можеме релевантно и валидно да расправаме, што се постигнува во кои министерства, каква е структурата на вработените, каква е структурата на тие што се примени во работен однос сега и каква е структурата на оние кои треба да си заминат во пензија, односно треба да си заминат во предвремена пензија, па да се увериме дека навистина станува збор за реформи, станува збор за квалитет и ние би ги поддржале. И не случајно во овој закон, во образложението тоа го нема, и не случајно тоа се прави по итна постапка. Беше коректно овде да ни кажете дека единствената обврска ја имаме према ММФ и Светската банка или добивањето на аранжманите. Мислам дека тоа ќе беше покоректно да се кажеше отколку оние скудни реченици што ни ги кажавте вие господине министер и што пишувате овде во образложението.

По мое длабоко убедување овие факти не смеат апсолутно да се забашурат. Мораме да знаеме како пратеници, а јас овде апелирам до парламентарното мнозинство, тоа е ваша оценка, се разбира, меѓутоа Владата е на Република Македонија, не е само на парламентарното мнозинство. Не смееме да бидеме ние заложници на решение кое директно е спротивно на интересите на огромен број на граѓани на Република Македонија. И ако ја земете оваа бројка, нема многу да правам екскурзија, овде каде што ги имам овие податоци стојат во чиста администрација во државната управа, вработени се 4.294 ново вработени од 12.12.1998 година, а ќе се отпуштат, немаме таков податок. Можеме само да нагаѓаме. Вие ни должите и едно објаснување овде, една информација, колку луѓе по овој основ ќе заминат во предвремена пензија. Во образложението тоа не стои, за да можеме да видиме дека навистина правиме реформи или само едни вработени се заменуваат со други. И тоа не е грев, да доаѓаат млади, образовани и стручно луѓе за да ја направиме администрацијата по ефикасна, компетентна, стручна. Тоа се навистина реформи, меѓутоа за тоа треба да имаме релевантни податоци па да се увериме сами дека навистина станува збор за реформи или станува збор за демонтажа на се она што досега било во државната администрација, за да дојдат луѓе само со партиска книшка.

Совршено ви е јасно, не само овие истражувања што ги прават некои надлежни институции, па и медиумите дека денес основниот критериум за да се дојде на работа, тоа го кажуваат граѓаните, тоа е втора сондажа што е направена, основниот критериум е партиската книшка, а не стручно знаење. Ако на таа основа се прават реформи, бидете сигурни дека тие ќе бидат неуспешни. Ако не не уверите дека доаѓаат стручни луѓе, место овие што си одат како стручни луѓе, бидете сигурни тоа пак ќе биде на штета на владеачките структури. Не сакам со ова да отворам очи на никого. Сакам да ви кажам дека како пратеници треба да бидеме загрижени за квалитетот на реформите во Република Македонија. По тоа ќе бидеме оценети. По тоа не ценат однадвор, дали е инсистирано на ваков вид реформи од Светската банка и ММФ и ако е инсистирано, кој е нашиот одговор. Одговорот не може да биде, дајте по инта постапка ќе го донесеме закон, па ќе видиме какви ќе бидат импликациите, какви ќе бидат последиците. По мое длабоко убедување последиците се катастрофални не само за државната администрација. Бидете сигурни оваа Влада и овој Парламент, Владата може да предложи, а Парламентот може да донесе совршен закон, да го препишеме од најдобрите закони во светот. Тој закон треба после некој да го имплементира во живо. Тоа треба да го направи токму ова за што разговараме овде. Треба да го направи државната администрација. Таа да го стави во живот. Ако вие таму немате стручни и компетентни луѓе, џабе носиме многу добри закони, кореспондираат со очекувањата на Европската унија, имаме аспирации да се зачлениме во НАТО, во Европската унија и т.н. Ако немаме такви луѓе, стручни, компетентни, тоа не може да се случи.

Не би сакал да ме сфатите погрешно, меѓутоа настаните во изминатиот период ја демантираат токму оваа ваша определба, да се оди по секоја цена и квалитетни луѓе да се заменуваат. Јас дури ја застапувам тезата, луѓето што вредат, што знаат, што умеат, не треба да се ограничуваат и не треба да се задолжуваат да одат во пензија. Да направиме

квалитетна селекција. Оние што се неопходни, луѓе кои што се инвентивни, креативни, способни луѓе да ги искористиме максимално, да не одиме административно.

Вие рековте на почетокот, дали лапсус беше или тоа е намерата, законот има чисто административно значење и тоа е административна мерка. Меѓутоа за реформите е значајно да ги сочуваме сите квалитетни креативни луѓе, креативни кадри. Така ќе правиме реформи.

Јас сум спремен да тврдам дека она што ни се случува во сферата на безбедноста, па и во сферата на одбраната е токму тоа што од работа се отпуштаат, а по овој основ веројатно ќе напуштат сите луѓе кои што стекнале искуство во практицирањето на својата професија, а ќе дојдат луѓе аматери кои се уште не ја скусиле таа страна ва животот. Тоа не се мои сознанија.

По некои согледувања на компетентни луѓе за да се направи еден полицаец требаа 10 години, а може да се растури и преку ноќ.

Да се направат компетентни луѓе во сферата на одбраната требаат повеќе години, не неколку месеци. Јас не говорам дека, навистина немам право да тврдам дека се она што е примено од 1998 година наваму е неквалитетно. Немам такво право, бидејќи не знам, не располагам со таква информација каква структура на луѓе се примени. Затоа ни требаше од Владата таква информација, каква е структурата на ново примените, каква е структурата на оние што треба да си одат, да видиме дали државата добива или губи.

Според тоа се она што е компетентно, што е стручно, што оваа држава вложувала во него, не говорам за сите што треба да си одат по овој основ, има луѓе кои што се залутани во својата професија, меѓутоа има многу добар број на луѓе во кои државата инвестирала. Зошто тие луѓе сега да одат. Да одат ако имаат достоинствен третман, ако имаат обезбедени услови за живот без дополнителен ангажман. Ние ќе направиме еден слој на сиромашни луѓе, кои нема да гледаат благонаклоно кон мерките што ги презема државата. Тие се државјани на оваа држава. Јас знам дека се болни реформите и не треба никого да убедувате во тоа. Меѓутоа, дајте рамноправно да го поделиме товарот и да дадеме шанса на способни луѓе да ги изведат реформите, па и во државната администрација, а тоа можеме да го направиме само така, со квалитетна селекција, а не со административни мерки сите да си одат.

Ве уверувам ако имаше квалитетни професионалци овие гафови, овие скандали во сферата на безбедноста, Арачиново и слични, вклучително и со Танушевци, немаше да ни се случат. Луѓето кои што си ја знаат работата, како ќе биде и во сферата на подготовката на законите.

Да заклучам. Законот треба да го дадеме на сите заинтересирани структури во Република Македонија, по него сите да расправаат. Уште повеќе што овде во преодната одредба стои дека законот ќе важи до крајот на оваа година. Значи после нова година по основите на Законот за пензионирање, луѓето ќе си одат во пензија. Меѓутоа ако навистина треба до крајот на годината, дајте да дадеме шанса да се произнесат и научни и стручни институции, па ако сакате и европски институции, да расправа и овој Парламент во една, во две фази, за сите овие прашања што ги поставија моите колеги пратеници во своите дискусии и овие за кои јас укажував дека ќе треба да се согледаат. Треба да се направи еден аналитички приод навистина да личиме на еден сериозен Парламент. Ние имаме одговорност од граѓаните што не избрале во овој Парламент и мораме да ги застапуваме и браниме нивните интереси.

Предлагам овој закон сепак Владата да се согласи на денешната седница ние да го утврдиме само како Предлог за донесување на закон, а втората фаза од законот да дадеме шанса да се вклучи Синдикатот, да се вклучи и Комората, да се вклучат и научни и стручни институции, а мислам дека како држава имаме многу аргументи да им кажеме на надлежните институции од типот на ММФ или Светска банка, дека ова е прашање од исклучително значење за Република Македонија и ние бараме опстојно да се претресе со сите импликации и да најдеме најсоодветно решение и во сферата на финансирањето и да не ја оштетиме државната администрација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тито Петковски.

За збор се јави пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, пред нас имаме еден закон и тоа, за чудо, се предлага од страна на Владата по скратена постапка. Некои од претходните дискутанти со право се праша

дали е можно, односно дали е против Деловникот ова Собрание да дискутира, односно расправа за тој закон, додека комисиите не расправале, а посебно кога матичната комисија нема да расправа. За мене тоа ништо не е чудно, необично. Напротив, чудно и необично ќе беше некоја работа да одеше по некоја своја редовна постапка.

Сосема ќе беше чудо ако од оваа структура се почитува закон, се почитуваат принципите на правдата, на моралот и т.н. На почеток да кажам, дека предлогот, според мое длабоко уверување е дијаметрално спротивен на Уставот на РМ. Значи, се коси или е во колизија со основните определби на Уставот на РМ. И, секој Уставен суд кој ќе резонираше правилно, а не политички јас сум сигурен дека овој закон ќе го укине. Меѓутоа, останува понатаму да видиме што ќе се случи понатаму со овој закон.

Зошто сметам дека Уставниот суд би можел да го укине овој закон? Од проста причина, што овој закон на нај драстичен начин ја воведува граѓанската нерамноправност. Значи, се легализира не рамноправноста меѓу граѓаните.

Реков дека Уставен суд кој резонира правно би можел да го укине овој закон, од причина што овој закон се коси со основните определби на нашата определба за граѓански устав.

Зошто се нарушува граѓанскиот концепт или граѓанската рамноправност со овој Предлог за донесување на закон со скратена постапка? Од причина што, според овој закон, според ова што се предлага тука некој се доведува во поволна или неповолна положба, зависно од тоа дали се постигнуваат некои услови што се поврзани со време, односно возраста и стажот и.

Второ, дали некои е корисник на буџетски средства или не е корисник на буџетски средства.

Значи, некој заклучно со 31.12. оваа година, поради тоа што за еден ден не може да ги исполни условите предвидени со овој предлог, т.е. 63 години за мажи и 58,5 за жени, со 20 години стаж, тој ќе чека уште понатаму, за разлика од другиот или пак третата варијанта што се предлага во Предлогот за донесување на закон, со што се предвидува, без оглед дали се работи за маж или жена, ако има исполнето 30 години работен стаж, по нивно барање, односно со писмена изјава, тие може да бараат да се стекнат со пензиско право.

Тука се поставува прашањето дали оваа категорија на граѓани, на луѓе не се доведува во поповолна ситуација? Поинаку може да се каже и вака, дали другите се дискриминираат, кои не спаѓаат во оваа категорија на граѓани, од причина што некој има 29 години стаж, 11 месеци и 29 или 30 дена, ќе чека да ги исполнува условите за возраст во Законот, односно изменувањата и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, што ова Собрание ги усвои пред 10-тина дена. Значи, тој ќе почека, можеби, уште 3 години, 2 години, 5 години, 10 години, затоа што не спаѓа во категоријата административни пензионери. Нели е тоа драстична дискриминација на граѓаните односно нерамноправност меѓу граѓаните?

Вториот сегмент на дискриминација и граѓанска нерамноправност е аспектот дали некој е корисник на буџетски средства или не е корисник на буџетски средства. Значи, корисниците на буџетски средства се во поповолна состојба во споредба со работниците или вработените кои не се вработени во институции финансирани од страна на Буџетот. Тука имаме две категории граѓани, оние кои се финансираат од Буџетот со поповолна ситуација и оние кои не се финансираат од Буџетот, со неповолна состојба. Значи, тоа не може поинаку да се оквалификува, освен како дискриминација или граѓанска нерамноправност.

Зошто понатаму сметам дека се работи за граѓанска нерамноправност? Од причина што првата категорија, поради административни цели ќе оди во пензија и ќе користи средства од фондот, за разлика од другиот кој и натаму треба да придонесува да се полни фондот. Мислам дека тука, исто така е очигледно дека се работи за категоризирање на граѓани, односно дискриминација на граѓани.

Значи. луѓето именувани од стана на Собранието, Владата, претседателот на државата, или како што стои во Предлогот, тие што вршат други јавни овластувања се во многу поповолна состојба отколку граѓаните вработени во стопанството, односно не се корисници на буџетските средства.

Што е целта на сето ова? Целта е да е примаат луѓе, без оглед на тоа што во образложението предлагачот кажа дека ќе оди во правец на реформи и рационализација на администрацијата, што секој умен не верува дека така ќе биде и нема да биде.

Кај причините за донесување на закон, предлагачот кажува дека овој документ ги содржи основните фрази во процесот на реформите на државната администрација или јавната администрација, како се кажува во самиот документ и како приоритетна цел предвидува ефикасна администрација, внимавајте, граѓанска ориентација на администрацијата. Не знам дали воопшто постои таков стручен израз граѓанска ориентација на администрацијата, па тогаш што е спротивно на тоа? Би требало или селската ориентација или малограѓанската ориентација. Можеби предлагачот сакал да мисли на нешто друго, а тоа е сервисна администрација, сервис на граѓаните, што е нешто друго од тоа што се нарекува граѓански ориентирана администрација. Ако сакал со овој поим граѓанско ориентирана администрација да мисли на деполитизација, на департизација на администрацијата, тоа е нешто друго. Меѓутоа, ние сме многу далеку од тоа, посебно оваа структура, наместо да оди во позитивна насока, оваа структура, оваа сегашна власт до крај ја политизира администрацијата, ја партизира.

Така што, ние сега можеме слободно да кажеме дека спаѓаме во редот на земји со нај неефикасна администрација и нај партизирана администрација. Администрацијата е неефикасна, првенствено поради тоа што е партизирана, од причина што луѓето кои ја водат локалната власт или локалната администрација, мислам на локалните самоуправи - општините, подрачните единици и другите структури кои вршат јавни овластувања, тие се до крај заштитени персонално, од причина што некој ги поддржува и како такви тие се чувствуваат многу сигурни, како такви не одговорни и не се плашат од никого. Дури, можат да се закануваат, бидејќи, наводно толку многу работеле за време на изборите. Со таква администрација, господо, ние никаде нема да стасаме. Напротив, ќе одиме во погрешна насока и дури, спротивна насока. Немаме никакво морално право да се повикуваме на реформи, да се повикуваме на тоа што бара ММФ или Меѓународната банка за обнова и развој.

Уште понатаму, мислам дека ќе се примаат луѓе и понатаму ќе се оди во насока на, до крај, депрофесионализација на администрацијата, бидејќи ќе се примаат луѓе со несоодветна стручна подготовка, само по принцип на партиска и политичка послушност. Тоа што кажува ММФ и Меѓународната банка за обнова и развој, тоа што предлагачот го образложи, не е реално. Тоа е смешно, да речам, бидејќи ако слушнат на што ние се повикуваме, на нив, веројатно ќе ни пратат писмо дека немаат време да се занимаваат со такви глупости.

На крајот да кажам дека, на удар на овој закон, веројатно, ќе се најдат и многу кадри. Предлагачот, односно Владата се уплашила од универзитетските професори, па мораше да ги исклучи. Но, не се уплашила од наставниците и професорите. Така што, не ја знам состојбата на македонски јазик, веројатно и таму ќе има проблеми, меѓутоа, на албански јазик ќе имаме огромен недостаток на наставен кадар. Значи, чекор и кон уште полошо. Депрофесионализација на образованието. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван господине министер, добро кажавте господине претседателе дека сега дискутираме за Предлогот за донесување на закон за остварување предвремена пензија, со Предлог на закон, па можеби сега во оваа фаза требаше да дискутираме за итноста на донесувањето на овој закон. Па, дури кога ќе го гласавме, ќе се изјасневме за предлогот на законот и за текстот на законот. Но, бидејќи седницата доби таков карактер, јас ќе се обидам да земам учество во дискусијата.

Најпрво ќе го кажам мојот став и ставот на мојата пратеничка група дека, бидејќи законот не е многу обемен и е многу јасен, сметаме дека нема причини за одлагање и затоа ќе го гласаме и овој Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон.

Од страна на опозицијата се даде нивно мислење по овој закон, па така ќе кажам, и се виде, според мене, особено последниот дискутант, една доза на нервоза. Тоа можам да го порамнам со синтагмата – "ние сакаме реформи, реформите се добри, реформите се потребни, но не вие да ги правите тие реформи". Или, со синтагмата – "еј, ние тоа го знаевме, тоа било многу обично симплифицирано, ние тоа го знаевме". Но, зошто тоа не го направивте?

Според мои информации, се даваат аргументи дека овој закон не е аналитички анализиран, или при компарирање со другите закони само се тие препишувани. Мислам дека ова се обични дезинформации, затоа што според моите сознанија јас знам дека овој Предлог на закон, на овој закон не се работи само откако е господинот Насуфи министер, туку на него се работи 2 и повеќе години. На овој закон работеше и поранешниот министер и заменикот министер ја водеше таа комисија. Направени се консултации со професори по право во РМ и со многу експерти и се работи за еден пакет на закони за реформи на јавната администрација.

Зошто е преземен ваков обемен и аналитички, според мене, чекор да се анализира добро ситуацијата, да се видат и компаративните анализи и да се прилагодат кон нашиот правен систем?

Сето ова се прави затоа што, единствена наша заедничка констатација е дека јавната администрација, во сегашната состојба, не е ефикасна, не е мобилна и не може да ги задоволува тие стандарди како сервис на граѓаните и да биде компатибилна со законите што ни претстои да ги прилагодиме. Значи, реформата на јавната администрација се подготвува подолго време и бидете сигурни, според информациите што ги имам направени се сите консултации, било со наши правни експерти, било со надворешни експерти. Се разговарало и со Светската банка, со ММФ и сите тие фактори кои одлучуваат и кои можат да дадат една реална оценка за позитивноста на овие реформи.

Мило ми е што денеска разговараме за еден дел на таа реформа на јавната администрација. Господинот министер јавно искажа, а тоа е определба и на Владата, дека на овој закон ќе се придружат и другите закони: за Владата, за органите на управата, за платите на државните службеници, според мои информации тоа се пет закони. Овие закони многу брзо ќе се најдат пред нас, пред Собранието и ќе можеме да продискутираме. Сигурно дека при нивното донесување ние ќе имаме една реална слика како ќе оди имплементирањето на овој закон. Затоа не се сомневам дека законот ќе се применува токму по нашиот правен систем што го имаме.

Повеќе детали се дадоа од страна на опозицијата, кои што, според мене, се повеќе од технички карактер. Мислам дека, ако се дадеше и бројот на тие кои ќе ги зафатеше овој закон, но тоа се информации што можеме да ги добиеме како пратеници, а тие податоци ги кажаа пратениците на опозицијата, сметам дека сепак се од технички карактер.

Законот како закон е многу јасен и дециден и доблеста на оваа Влада, за разлика од минатата Влада, значи се работи за еден закон што не е многу сложен, е храброст да се зафатат со проектот на реформите.

Според моите информации знам дека се земени сите позитивни примери од земјите во транзиција, кои пристапиле кон реформа на администрацијата, што е еден од предусловите за асоцијативно членство во ЕУ. Исто така, имаме информации и дадени се во образложението и негативностите на некои закони што биле во примена во земјите во транзиција, а покажале слаби аспекти. Сите тие негативности и аспекти се земени предвид и затоа мислам дека законот е многу јасен и дециден.

Што е целта на овој дел од реформата на јавната администрација? Целта е да се пријде кон една ефикасна и мобилна јавна администрација, но во овој контекст од страна на опозицијата, од страна на некои пратеници, се дадоа квалификации што би сакал да ги коментирам.

Господинот Петковски рече - зошто ние да ги отстраниме сите луѓе кои се покажаа по квалитет во јавната администрација, ние да ги сочуваме; но овие другите да ги фати законот. Значи, по сила на законот да одат во пензија. Не знам кој е тој критериум кој ќе каже дека овој јавен службеник е квалитетен, а другиот не е квалитетен. Ми се чини дека тој израз беше кажан според наследена логика на нештата, па да судиме кој во јавната администрација е подобен и кој во јавната администрација е неподобен. Сметам дека таквите квалификации немата ниту правна, ниту логична поддршка за овој тек на Република Македонија, за интегрирање во таа легислатива во Европската унија.

Мислам дека токму тие квалификации, да ги чуваме квалитетните, а да не ги чуваме неквалитетните, тие квалификации доведуваа до тоа јавната администрација да се партизира. Токму тогаш може субјективистичкото оценување да биде критериум и дури тогаш нема да направиме ништо, туку ќе го задржиме стариот тек.

Исто така, еден колега пратеник рече дека ние имаме нај партизирана јавна

администрација. Па, ве молам, оваа јавна администрација која брои, според моите информации, околу 90 илјади вработени, таа е наследена за оваа Влада. Значи, овие 90 илјади плус 3 или 4% што се сега ново вработени, тоа е наследена јавна администрација. Сега, ние, ако на таа наследена јавна администрација и дадеме прилог дека е нај партизирана јавна администрација, тогаш господа, што вие сте правеле во овој аспект. Констатирањето дека таа не е ефикасна е заедничка и затоа треба да се најде некој, кој ќе каже стоп на оваа партизација, да се примени кон реформата и при имплементирањето, сигурно и ние како пратеници ќе имаме можност при донесувањето на другите закони што се поврзани, да го дадеме своето мислење и заеднички да го следиме имплементирањето.

Сметам, исто така, дека тезите за квалитетни и неквалитетни кадри во јавната администрација се многу штетни за институциите во системот. Ако ние пројдеме кон такви етички и морални квалификации, а ги отстраниме институциите, како што е институцијата конкурс, повторно ќе навлегуваме во субјективизам, во одредување на способноста на еден кадар во јавната администрација.

Мислам дека треба да веруваме во нашите институции на системот и треба да веруваме на институцијата конкурс, советодавните комисии што даваат предлози за конкурсите, на инспекторатите што вршат инспекција по разните конкурси треба да веруваме, затоа што токму тие институции на системот се единствени показатели кои можат да дефинираат и да бидат не пристрасни при примањето на нови јавни службеници, во контекст на подобрување на јавната администрација.

Од една страна може да се констатира дека овој радикален рез во јавната администрација, може да се создадат и некои правни празнини, но јас сметам дека овој пат што нас не чека потпишувањето на договорот за стабилизација и асоцијација и после мониторингот по сфери на нашето законодавство, ние нема да имаме можности ова да го злоупотребуваме во политички причини.

Затоа, земајќи ги предвид сите овие аргументи кои, според мене, се многу издржливи сметам дека ние треба да го изгласаме предлогот за донесување на закон и Предлогот на законот и со тоа да отвориме можности, без оглед дали ние ќе губиме или ќе добиеме како политички партии во идните избори, тоа ќе го ставиме на страна, да започнеме со проектот за реформи и ако некој при имплементирањето се гледа дека некои аспекти од некои од овие закони, овој пакет не се покажува добар, тогаш ние сме тука заеднички да направиме измени и дополнувања на тој закон.

Но, треба еднаш за секогаш да почнеме со овие реформи. Јас го поздравувам овој почеток на овој пакет за реформи за јавната администрација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Замир Дика за учество во расправата.

Претпоставувам за реплика се јави, бидејќи беше спомнат г-динот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, сосема кусо реплика во стилот што го постави г-динот Замир Дика.

Јас би го прашал г-динот Замир Дика, дали има информација како се примени овие ново примени во државната администрација 4.294 ново вработени. Дали е почитуван институтот конкурс или не е. Еве тоа како се прави, јас ќе ви помогнам, вие тоа добро го знаете.

Ќе седнат координаторите меѓу трите коалициони партии, како вие тоа сега го правите, но кажете ми колку конкурси распишавте за државната администрација? И, ќе се договорат колку од ПДПА, колку од ВМРО-ДПМНЕ, колку од ДА и во кој ресор како ќе се вработуваат. Дали е тоа институција конкурс? Дали прочитавте во последно време каде за државната администрација, освен со чесни исклучоци, да не ги спомнува можеби ќе заборавам неколку, две или три министерства кои што објавија јавно конкурс. Сите други се примени без конкурс, и во одбраната и во внатрешни работи. Дали некаде прочитавте конкурс? Или, сите тие места се од строго доверлив карактер, па не смеат јавно да се објавуваат, туку само се проверува квалитетот на луѓето. Вие добро рековте г-дине Дика дека не важат овдека селекции, бидејќи прецизиравте станува збор за подобни и неподобни. Сите досега што се вработени во државната администрација, за вас се неподобни. Затоа и се носи овој закон. И, на нивно место носите подобни луѓе. Проверете, имате можност и инструменти за партиската определеност на луѓето и ќе се уверите. Тоа барем не е тешко.

А, за да се дојде до квалитетна селекција има инструменти, има и проверка на знаења, на способност. Министерот има и право да врши увид на работата на потчинетите, во овој случај, државната администрација и точно да ги вреднува. Тој ги вреднува и им определува плата, па и работни места. Дали имаме увид колку систематизации имаме, па со каков степен на образование, кој вид на образование, туку исклучиво партиската книшка и партиската припадност. За таква администрација мислам дека не треба да гласаме како Собрание, односно за такви реформи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Тито Петковски за репликата.

За збор се јави, повторно како реплика, г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Само да не ги извртуваме тезите и само од тој аспект јас реплицирам. Констатацијата за не ефикасноста на јавната администрација мислам дека е заедничка. Јас не реков дека сега сите се неподобни или партиски ставени. Квалификацијата за не ефикасна јавна администрација е наш заеднички именител, како што јас успеав да ве сфатам.

Исто така, добро ми доаѓа тоа што вие ги имате точните информации колку луѓе се примени во текот на работењето на оваа Влада. Додека јас бев во опозиција, не успеавме никогаш да добиеме конкретни информации колку луѓе во времето на вашата власт од една година да добиеме информации колку луѓе се вработени. Ниеден завод, не знам зошто се криеја податоците тогаш, но сепак, сега вие мило ми е што ги имате тие информации. Сега, вие велите вака, овие 3.500 ново вработени се ставени по партиска линија. Е, сега се работи за три или за четири илјади, колку е тоа во процент со 90.000 вработени. Сепак, мислам дека ние треба единствената наша, за по ефикасното решавање на овој проблем на вработување, за не партизација и за зачувуваше на таа, како што се вели во текстот, сервис на граѓаните сметам дека само тоа институцијата конкурс и сите тие други институции што го зачувуваат овој конкурс.

Сметам дека сите вработувања, гледајте ги дневните весници ќе видите дека многу уредно се објавуваат овие конкурси, а што се однесува до министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, јас не сум експерт во таа област, но знам дека некои конкурси во таа област за примање на инспектори или некои работни места, тие можат по закон да се земат без да се објави јавен конкурс. За тоа може да ни помогне г-динот Китановски ако јас не сум во право. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Замир Дика.

Мислам дека взаемната реплика е завршена.

За збор се јави г-ѓата пратеник Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги и пратеници.

Согледувајќи ги реално состојбите во јавната администрација со огромниот број на вработени и не ефикасната работа на истите, крајно време беше сето тоа да се ревидира и да се пријде со реформи, т.е. со административно пензионирање.

На сите нас добро ни е познато дека лицата што работеа на потешки работни места, одамна си заминаа или во предвремено пензионирање или како технолошки вишок, а изјави потпишаа лицата со наполнети 35 годишен стаж, на кои работните места им се за разонода, бидејќи нивното работно време не е ефективно искористено.

Но, за жал, овие исти работници ги уценуваат раководителите дека ќе заминат во пензија само ако им ги вработат, наместо нив нивните деца, што беше практика на минатата власт на СДСМ. Јас лично одамна сум поборник за идење во административно пензионирање, особено во областа на образованието и во здравството, бидејќи личноста просветен и здравствен работник, треба да биде избран со многу критериуми, особено просветниот работник на кој му е доверена голема улога во образовниот и воспитниот процес на нашите деца, на нашите идни поколенија. На тој начин ќе овозможиме и во еден процент да се вработат млади високо образовани, стручни кадри, кои ќе внесат квалитет и креативност во оваа сфера.

Некои од претходните дискутанти од опозицијата истакнаа дека многу мала пензија ќе примаат лицата од јавната администрација.

Но, сметам дека одамна требаше да се размисли за статусот и материјалната положба на работниците кои отидоа во

пензија со 40 годишен работен стаж и оствarија пензија од по 3 илјади денари, а сега дигаат голема врева за административните работници кои ќе си го остварат својот статус на. едно достојно ниво.

Некои од претходните дискутанти на СДСМ напомена дека се вработени 4.200 лица во јавната администрација од доаѓањето на оваа власт, а заборави дека само меѓу двата круга на парламентарните избори СДСМ вработи 2.000 лица, кои си останаа на работа. Не се сложувам со дискусијата дека овие со стекнатото искуство не треба да одат во пензија, бидејќи тие си го отслужиле на државата своето, па треба, според мене, достоинствено да си заминат, а наместо нив да дојдат млади луѓе, кои што треба и тие да стекнуваат искуство и да се чувствуваат корисни граѓани на нашата држава. Вакви млади креативни и способни граѓани има во Македонија, кои со години чекаат работа, седат дома и за кои државата и семејствата вложувале и инвестирале. Дури тогаш ќе имаме стручна, квалитетна и граѓанска администрација.

Затоа, апелирам овој Предлог закон сите да го поддржиме, зашто ќе биде корисен за сите нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Диспина Марковска за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, колеги пратеници.

Во контекст на поддршка на овој закон би сакал да дадам едно мое видување околу истиот. Сакале ние или не, мораме да констатираме дека бројот на вработени во јавната администрација во однос на големината на државата е огромен и дека мора да настане негово намалување.

Следна работа која е директна последица од преголемиот број вработени, кои се на товар на Буџетот, што значи на товар на сите граѓани на РМ, е појава на низа негативности кои произлегуваат од тоа. А, тоа се следните, не доволна ажурност, мала примена на софистицирани методи во работата, идеални услови за појава на мито и корупција и сл. И, од друга страна, повеќе годишното замрзнување на платите на тие вработени, уште повеќе ги истакнува негативностите кои ги спомнав пред малку. Од тие причини и сите политички партии во Македонија во своите програми спомнуваат дека, ќе направат мала и ефикасна администрација.

Инаку, гломазната администрација не ја создаде оваа Влада, туку таква ја наследи и од тие причини не ми се разбирливи теоретски анализи за начинот како да се стигне до, слободно веќе можеме да кажеме, консензуално прифатената дефиниција на мала и ефикасна администрација. Кога за сето тоа се имаше време, сето ова да биде практично реализирано и сега да имавме, навистина, мала и ефикасна администрација и се разбира да имавме еден проблем помалку во РМ за решавање. Секако, верувам дека оваа Влада е сериозна во намерата да направи мала и ефикасна администрација и во прашање е начинот како ова да се направи. Овој закон е дел од реформите во овој сектор и по мене не е воопшто спорно дали овој закон треба да се носи поединечно, како ние го носиме, или да треба да се носи во пакет со другите закони. Бидејќи, навистина не гледам било каква причина донесувањето на овој закон да направи проблеми со околу носењето на следните закони, кои што верувам дека ќе бидат дадени од Владата на РМ. Сега, доколку гледаме објективно, ќе видиме дека овој закон и не е толку радикален и јас навистина очекував дека условите ќе бидат поригорозни од овие што денес ни се предложени, во однос на годините на стажот, но што е тука е. Ако гледаме повторно објективно тогаш ќе видиме дека, со овој закон немаме проблем кај жените, да речеме, бидејќи тие и досега можеа да одат со 35 години работен стаж, туку проблемот се јавува кај мажите. Овде се согласувам со одредени дискусии од колегите кои спомнаа и мислам дека амандмански ова треба да се исправи, за да дојдат во рамноправна положба како и жените. Мислам дека ова е во ред.

Другите услови кои што се предвидени во законот не се по сила на законот, туку се работи за лична желба и ова не би сакал да го коментирам. Моето размислување е следното. Доколку навистина мала и ефикасна администрација, мора од некаде, прво, да започнеме. Мораме да сфатиме дека интересот на државата, т.е. интересот на општеството е секогаш пред личните интереси.

Следното што би сакал да напоменам е дека, веќе подолго време ние имаме забрана од Владата за нови вработувања. Исто така, би сакал да напоменам, бидејќи овде многу пати беше

спомнувано дека имаме 4.200 ново вработени и дека имаме голем број на случаи каде што луѓето отишле редовно во пензија, а на нивно место немаме вработено нови вработувања. Такви случаи има многу и доколку некој сака, јас можам да му кажам и конкретни бројки за одредени организации, каде што имаме пензионирање, а нови вработувања немаме.

Значи, за разлика од теории од типот како треба да биде оваа Влада презема конкретни мерки и за жал, како и секоја реформа и оваа нема да даде резултати веднаш, но кога ќе се осетат резултатите, а тоа нема да биде многу доцна, ќе ги земеме стенограмите од денешната седница и тогаш ќе дискутираме за тоа кој бил во право, дали опозицијата, која веќе по правило десетина години теоретизира или позицијата, која можеби помалку зборува, меѓутоа многу повеќе работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Горанчо Трајков за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дине претседател, г-дине министер, претставници на Владата, дами и господа, предложениов документ што е на разгледување доаѓа можеби поединечно и со тоа по малку не е комплетна сликата за текот на реформите, но секако дека е составен дел на истите.

Сакам да се осврнам на неколку аспекти. Најнапред, околу поимите.

Предвремена пензија мислам дека тука не станува збор за предвремена пензија, таа или е пензија или не е тоа. Но, стекнувањето може да биде пред време. Мислам дека има начин да се користи друг поим.

Понатаму, се говори за тоа дека администрацијата е голем и гломазен апарат. Најнапред, самиот поим администрација, а дополнително и поимот јавна администрација, администрација тоа е сервис, упростено гледано јавна, бидејќи во тоа се има увид од страна на механизмите и на партиципиентите, па и на јавноста и партиите кои се на власт и тие што не се и граѓаните секој може да добие податок за работата на тој сервис. Колку тоа во нашата пракса навистина е така, тоа е друго прашање и може да се опсуди. Но, факт е дека тоа кај нас е јавно и поблично. Но, дали има потреба да се зборува за јавна администрација. Тука имам дилема и сомнеж дека нема потреба.

Нашата администрација си е и онака таква и по дикцијата од Уставот, а и според законите, како и начинот на работење.

Понатаму, сметам дека со овој закон, кој единствено ќе овозможи на извесен начин да се намали бројот на вработени во администрацијата, друго нешто нема да се постигне, односно статусните прашања на чиновникот, на државниот службеник и натаму ќе останат не дефинирани и тука треба да укажеме дека грижата за здравјето на населението, грижата за воспитанието на идните генерации, па јас би кажал и грижата за натамошната дообразба и преквалификација, сепак се од големо значење за нашето општество. И, упатно би било што побрзо овие нешта да бидат, исто така, со закон санкционирани. Ние можеме да посакуваме рокови и јас ќе си бидам толку комотен ќе кажам белки до летниот период, ќе можеме овие нешта да ги видиме.

Успешни модели на државен апарат или администрација постојат и ги гледаме. Тие секогаш се неврзани со партиската припадност, секогаш се врзани со критериуми. Критериумите одат од аспект на стручност, на подготвеност во работата, но исто така и во перманентно, постојано усовршување на кадрите. Зашто ниту во производството каде што, на пример, се очекува да преовладува приватниот сектор, ниту пак во администрацијата може добар стручњак да биде изграден во тек на неколку месеци или години работење. Тоа се лица кои добиваат постојана нега во своите средини на работење. Вака плашејќи ги луѓето дека потекнуваат од поранешен период, од друга партија или сега се спротивставени на ново примените, јас мислам дека во начело се нарушува климата на колегијалност.

Би било пожелно ние како Парламент да застанеме на тој пат, да не се шири овој начин на резонирање. Јас не сакам да тврдам дека во Република Македонија не постои притисок по партиска линија, но сакам да кажам дека како парламентарец, исто така и за нашиот претставнички дом е упатно да шириме клима на меѓусебно разбирање и да не бидеме ние ветрогоните. Ние да не бидеме тие кои ќе бараме вакви делби.

Во врска со предлогот за донесување на закон, јас во оваа фаза сум подготвен да се изјаснам позитивно. Помалку сум во недвоумење што ќе биде во

начелата со уставност, благодарни сме и на решенијата од Уставот што постои Уставен суд, кој може тоа да го прегледа, инаку сои 35 години стаж мнозина од стопанството би биле презадоволни да одат во пензија. Тоа треба да се има на ум. И на тој начин исто така ќе се отворат работни места.

На крајот, бидејќи учествувам во оваа расправа да укажам на еден аспект од процедурален карактер.

1992 година господине претседателе, оваа недела пред Велигден имаше обид да се свика Собранието по некаква итност и да се расправа за тоа. Тогаш, со мнозинство гласови заради сочувување на традицијата од европски тип, ние изгласавме да не одржуваме пленарни седници во текот на светлата седница т.е. пред Велигден. Сега и вчера Парламентот заседаваше, заседава и денеска и јас би молел денес што порано да завршиме и понатаму оваа недела да не се свикува пленарна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Јордан Бошков за учество во расправата.

Господа пратеници ние ќе работиме само денеска, потоа ќе ги почитуваме верските чувства на христијаните и т.н. и ќе направиме една пауза до 4 мај, затоа што од 2 до 4 мај нас ни е гостин претседателот на Бундестагот на Германскиот Парламент, г-динот Пирзе. Тој на 4 мај ќе има обраќање пред нас, ќе имаме свечена седница, така што ние денеска да работиме до 18,00 часот, да привршиме со расправата по ова, а понатаму ќе се договориме после празниците да имаме продолжение на оваа седница.

Ова повеќе како информација го кажувам повлечен од дискусијата на господинот Јордан Бошков.

За збор се јави господинот пратеник Благоја Стојковски. Повелете.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, сакам да бидам што пократок во давање на свој придонес во однос на предложениот Закон за предвремено пензионирање, истакнувајќи дека во едно демократско општество една од основните функции на секоја Влада е грижата за граѓанинот, бидејќи се почнува од тоа демократско друштво од граѓанинот и завршува со граѓанинот.

Меѓу многуте елементи кои ја прават таа грижа на Влада за граѓанинот спаѓа и еден основен елемент, кој во демократските општества многу се почитува и на кој најмногу му се посветила внимание, а тоа е информирање на граѓанинот. Тој е еден од основните елементи за да може да судиме за понатамошните демократски процеси во едно друштво. Колку по овој закон се информирани нашите граѓани, ако кажам дека читајќи го образложението на законот, очекувајќи дека од министерот ќе добиеме некои податоци, кои се релевантни за да можам на оваа седница да се изјаснам позитивно или негативно по однос на законот, мора да кажам дека во образложението недостасуваат основни елементи за да може да се донесе еден закон, по една вака кратка постапка. Еве само да прашам нешто.

Дали на сите пратеници овде, било да се од позиција или од опозиција знаат колку има вработени во администрацијата. Имам слушнато за бројки од медиумите дека се 90 илјади, дека се 70 илјади, дали го имаме тоа дадено во образложението на овој закон и имаме ли дадено во образложението дека во Република Македонија треба да имаме навистина стручна администрација која ќе брои така да кажам 30 или 40 илјади. Дали некој од нас пратениците има таков податок добиен, од страна на надлежното министерство од страна на Владата.

Мислам дека овие податоци мора да бидат достапни на сите пратеници за да знаеме дека овие реформи, за кои ако сум од опозиција сум за такви реформи, меѓутоа изработени врз основа на анализи во кои ќе се искаже дека во наредните три или четири, или во наредни две години ќе извршиме намалуваше на администрацијата од, ако е 90 илјади на 45 илјади, бројките се произволни, од весници, не се од надлежните министерства или пак во наредниот период предвременото пензионирање ќе продолжи.

Дали некој од пратениците знае, дали во 2002 година пак ќе има нов закон за пензионирање или ќе нема. Оваа година законот важи за пензионирање од проста причина, бидејќи дел на средствата се издвојуваат со Буџет во почетокот на донесувањето на Буџетот, такви средства беа издвоени.

Затоа, прашувам како пратеник, за да јас имам свои сознанија дали идната година со донесување на Буџетот ќе продолжат овие реформи, ќе продолжи процесот на предвремено пензионирање, по показатели кои ги има изработено Владата,

било да е тоа работен стаж од 35 години или старост од 58,5 години и 62 години.

Друго, овде како пратеници, никој не добивме податок, навистина колку средства ќе ја чинат државата, Буџетот без разлика дали имаме многу пари во Буџет, некој да не мисли дека ако е полн Буџетот е добро. Полн Буџет за оние кои работеле во стопанство значи слабо стопанство. Немој да се радуваме со тоа, а од друга страна денес да слушнеме дека немаме пари во Буџетот. Нешто, секогаш доаѓам во заблуда, од минатата седница дојдов во заблуда дека се има двојно, овде пак има двојно, едно премиерот друго министерот.

Мислам дека мора кога се донесува еден закон, барем основните показатели да бидат дадени на пратеници. Да ги знаеме како пратеници и да ги имаме за да знаеме што навистина натаму ќе гласаме и донесуваме. Некој пратеник рече дека има направено извонредно анализи, па мора да ви кажам дека ова образложение што е дадено на законот, не мора да сте правници, меѓутоа сите ние како пратеници мора да кажеме дека едно такво образложение не е на ниво на Парламент. Само еден нека каже нека најде некој елемент во него кој како пратеник ќе го задоволи и навистина ќе може да каже дека нешто ќе се направи. Не може, а да немаме показатели, па да се искаже колку е таа администрација ќе оди со високо, со више, со средно образование. Тие показатели мора да ги имаме не за да ги заштитуваме луѓето што ќе одат во пензија, туку наша обврска е да го заштитиме граѓанинот, кој утре ќе дојде и од таа администрација како сервис да бара услуга и таа услуга да биде брза и ефикасна. Ако ваквите работи не сме ги направиле не може да стане збор дека навистина имаме добри анализи и навистина тие анализи се направени како треба.

Ќе имаме намалување, рационализација на администрацијата, второ прашање, кое верувам кај сите пратеници побудува еден сомнеж, дека нешто навистина е јасно. Од средствата за информирање не од министерот, не од образложението сознав дека 2100 или 3100, некои медиуми вела дека 3100 ќе има работници од образованието во пензија, а некои 2100. Како може да имаме намалување во образованието кога покрај еден ваков акт мора да следи и измена на Законот за образование и прописите. Паралелка е составена од 30 до 35 ученика. Значи мора да има паралелка. Еден професор мора да има 20 или 21 час настава. Ако отидат 2100, ако имаме зголемување на ученици ќе имаме ли намалување, ќе имаме ли рационализација? Мораме тие луѓе пак да ги вработиме или ќе направиме во некои средини да нема училишта, или има пропис ако некое училиште е подалеку од 5 километри и да има 5 дечиња и 7 дечиња, секое дете мора да биде со завршено основно образование. Каде се тие анализи за да навистина кажеме правиме рационализација. Каква рационализација? 2100 можеме во тоа образование во цела Македонија да кажеме, поради непотполн фонд на часови и слично да има 200 и нешто над тоа, меѓутоа 1800, 1900 мора да вработиме. Немаме рационализација.

Дали сега некој мене ме лаже овде, или пак јас сум во некои други сфери и не можам да сфатам. Пред малку некој рече дека има анализи, а јас не ги гледам анализите. Пред малку некој рече дека имаме толку администрација, јас немам никаде показател за да можам да кажам ги има или ги нема. Во образованието мислам дека не ќе може да се направи рационализација и поштено е да кажеме дека во образованието ќе направиме промена и оние професори што се со 35 години стаж, за кои верувам дека стекнале такво искуство, доверба и меѓу ученици и меѓу родители, покажале резултати, меѓутоа ќе одат во пензија, а на нивно место ќе вработиме млади. По поштено е така да се каже отколку да кажеме ќе извршиме рационализација, бидејќи рационализација без зголемување на фонд на часови, или зголемување на број на ученици во паралелки, е невозможно во тој сектор. Тука не може никој да порекне дека не е така. Тоа се факти.

Мислам дека овие работи мораме како пратеници да ги имаме и затоа баравме матичната комисија да има седница, барем да и се остави еден период од 10 до 15 дена за следна седница на Собранието и сите овие работи бидат обработени од министерствата и доставени до пратениците, за да можеме релевантно да одлучуваме.

По однос на самиот закон, реков не навлегувам во тоа колку ќе се полни Буџетот, колку ќе се празни Фондот за пензиско и инвалидско осигуруваше, немам таква намера, само како граѓанин сакам да знам дали навистина ќе имаме стручна и ефикасна администрација.

Меѓутоа, ако во овој Парламент не прифатиме амандмани кои се поднесени од неколку пратеници, во кои мора секој граѓанин да го ставиме во рамноправна положба, бидејќи сите граѓани во

стекнување на права се еднакви пред Устав, мислам дека како Парламент дека ќе протежираме една нова работа – не рамноправност на граѓани. Не може некој да оди со 80% во предвремена пензија, а некој да оди со 71% во предвремена пензија. Не верувам, јас не сум правник, не верувам дека ова ќе издржи Уставна процедура дека е во ред.

Јас сметам дека вакви расправи во кои има и амандмани треба навистина да се даде малку време да се обмислат тие амандмани и комисиите да расправаат за да не дојде само до она донесовме закон, кој нема да се спроведе. Ако правиме реформи тогаш да ги правиме реформите за Македонија, за граѓаните на Македонија, да не ги правиме реформите заради тоа што ќе кажеме пред Светската банка донесовме закон. Па, ќе помине пола година, година и пак таа Светска банка ќе види дека ништо не сме направиле. Зошто такви работи?

Мислам дека добро би била по оваа општа дискусија претседателе да овозможите на неколку комисии, кои се надлежни по овој закон да расправаат и потоа да одиме на општата расправа по текстот на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Благоја Стојковски, за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Биљал Лутвиу.

**БИЉАЛ ЛУТВИУ:**

Господине претседателе, колеги пратеници на почеток сакам да укажам на формулацијата на самиот наслов на Законот. За мене не е прифатливо вака како што е формулирано "Предлог за донесување на Закон за остварување на предвремена пензија". Според мене треба да биде "Предлог за донесување на Закон за остварување на навремена пензија".

Укажувам на ова од причина што во текстот на Предлогот на законот сите ние знаеме која година стаж се предлага да има вработениот право на пензија, а со акцент после 35 години работно искуство јас не знам како може тој да биде продуктивен, колку може да придонесува, а веднаш на почетокот да се приклучам на последниот дискутант, не за да реплицирам, туку за образованието, после 35 години работно искуство во образование колку може да биде во денешни услови вработениот во образованието продуктивен, навистина е прашање за кое добро треба да се размисли, а кога зборуваме за образованието јас не би се согласил после 35 години, туку и пред тоа време.

Не сакам воопшто да се впуштам во дискусија, затоа што министерот за правда беше многу јасен и дециден и мислам дека нема да се задржиме многу, но повеќе од очигледно е дека секој сериозен закон, односно секој сериозен предлог што доаѓа од страна на Владата од едни пратеници, од опозицијата не бираат средства и начин за да даваат такви квалификации кои квалификации се разбира за неупатените можеби важат. Но, јас не сакам многу да се задржувам, еден од дискутантите рече дека позицијата не се вклучува, а сигурно нема доволно аргументи. Има стотици, би рекол и илјада аргументи, но јас не сакам ниеден од нив да набројувам овде, туку сакам кратко да завршам. Сите контра аргументи на аргументите на позицијата за мене се валидни и јас ги прифаќам и сум за нив.

Не држи апсолутно констатацијата, а јас го квалификувам како обид уште да се манипулира со јавноста дека, претходната влада вработила стотици илјади, не знам колку рече еден од дискутантите. Сите ние знаеме дека претходната влада само го легализира дивото вработување во Република Македонија. Тоа беше 13 - 14 месеци пред парламентарните избори и сигурно кога би имала можност, кога би била таа Влада уште на власт, одамна би го повлекла тој закон.

Јас ќе го поддржам овој Предлог за донесување на Закон за предвремено пензионирање, а верувам дека и мнозинството пратеници ќе го поддржат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Биљал Лутвиу за учество во расправата.

Господинот Благоја Стојковски, веројатно е повикан во расправата за реплика.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Мислам дека пратеникот не ја разбра мојата дискусија, бидејќи реков за образованието според насловот на законот, намалување и рационализација во образованието не може да се извади, бидејќи ако имаме 2.100 кои ќе одат во пензија, мора да имаме нови вработувања од 1.900, затоа што тоа се прописи, Закони од образованието кои мораме да ги исполнуваме.

Дали некој во образованието треба да работи над 30 години, ниту сум

надлежен, ниту сакам да коментирам. Јас само реков дека е почесно да кажеме дека, во образованието со 35 години ќе одат во пензија, дека во образованието ќе нема рационализација. Тоа е поентата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Благоја Стојковски на репликата.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

**КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници, јас сакам да се вклучам во дискусијата да дадам свој придонес во донесувањето на овој закон.

Законот е многу јасен, минимален стаж 20 години и живот 63 години за маж и 58,5 години за жена, или минимален стаж 30 години и живот не зависно колку години има живот на живеење. Или доброволно по желба со минимален стаж од 30 години, без оглед на годините на живот.

Велевте дека овој закон создава не рамноправност. Јас ќе ве прашам каква не рамноправност и во однос на кого? Ова е јавна администрација. Тоа е област, тоа е функција од општественото работење која нон стоп измислува нова работа и секогаш има полни раце работа. Затоа толку е намножена. Не зависно дали стопанството или земјоделието во нашата држава е во многу тешка состојба, т.е. катастрофална, тогаш што да кажат вработените во овие сфери, т.е. во стопанството и во земјоделието?

Да ве потсетам господа од опозицијата дека Вие во 1995 година го донесовте Законот за загубарите. Преку тој закон избркавте од работа огромен број производни работници, кои со труд, мака и во тешки услови ги остваруваа своите лични доходи. Им дадовте испратнина во зависност од годините на стажот со уверување, односно залажување дека со таа испратнина можат да отворат мал бизнис и со нивно отстранување од фабриките ќе почнат фабриките да цветаат, оти тие биле причинителите на катастрофалните состојби во фабриките, т.е. фабриките ќе бидат успешни, а избрканите ќе можат да конкурираат со тие фабрики и така ќе го остваруваат своето право на работење.

Но, што се случи? Без никаков критериум, а често и по партиска припадност по желба и љубов на менаџерите беа избркани од фабриките. По избркувањето вратите им беа затворени како не пожелни и опасни по фабриките. Ве прашувам, кој критериум го применивте? Единствениот критериум кој тогаш беше правично применет, беше тој, тие што имаат над 25 години работен стаж, дека тие ќе остваруваат одреден надоместок до нивното пензионирање. Еден од тие кој го почувствува ова бев и јас со 14 години работен стаж како дипломиран машински инжинер во Металски Завод Тито во производна фабрика. Бев избркан од господинот Босотов, ваш кандидат за пратеник од СДСМ, кој можеше да биде избран во овој Парламент и кој можеше да го оспорува овој закон. Ќе ве прашам, односно ќе се прашавме каква иронија ќе беше, можеби овде има слични пратеници. Сега велите дека треба да се задржат квалитетни стручни кадри.

Тогаш во мојата организација од стотина производни инжинери колку што беа вработени, беа избркани 30-тина квалитетни инжинери со странски сертификати, со работен стаж најчесто над 10 и 15 години, докажани во производството, а во исто време можеби три месеци пред нашето избркување беа примени 15 или 20 млади инжинери. Јас не би сакал да го оспорувам нивното примање и нивното право за засновање на работен однос. Меѓутоа, тоа беше класично чистење на конкуренција. Не би сакал да зборувам дека имаше и партиски реваншизам.

Јас мислам дека овој закон не е толку ригорозни, бидејќи вработените во јавната администрација трајно ќе бидат згрижени господа. Администрацијата ќе се намали и понатаму во идно време кога ќе бидат овозможени условите, ќе можат да се примат квалитетни и стручни кадри, кои Македонија очигледно ги има во доволен број.

Да ги понудевте овие услови на вработените во МЗТ, во железара, во ФАС, во ЗИК Скопско Поле, во мојата изборна единица, во ПОС Илинден, ПОС Петровец, ПОС Сингелиќ, земјоделските задруги, тие ќе беа пресреќни. Меѓутоа, што се случи? Тие не беа вработени во јавната администрација. Тие беа граѓани од втор ред, кои сега седат дома и се пријавени во Бирото за вработување.

Уште нешто да кажам. Гледам многу сте загрижени за Буџетот, бидејќи нема да го издржи овој закон. Ако толку се грижевте за Буџетот, зошто бевте толку бучни и загрижени кога баравте измени во законите кои ги донесувавме, баравте измени, т.е. зголемување на Буџетот, понекогаш и до 20%.

Според сето кажано, најчесто кратко дискутирам, да ви кажам јас ќе гласам за овој закон, бидејќи овие вработени, пак ќе напоменам, ќе бидат трајно згрижени до нивното редовно пензионирање. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Коце Трајановски за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Сосема на кратко сакам да го искажам мојот став, по однос на овој закон.

Нема Влада во светот, ни тука во Македонија која нема да ви тврди дека сака мала, ефикасна и ажурна државна управа. Дури ќе ви речат дека државната управа треба да биде деполитизирана, тоа е погрешно. Подобро би било да се рече департизирана. Но, исто така, нема Влада која не сака таа департизирана управа да ја поддржува неа, токму таа Влада. Тука нема ништо спорно.

Бидејќи разговараме за реформи, барем така е образложението на државната управа, се тврди дека и со овој закон ние веќе навлегуваме во реформа на државната управа, мислам дека тоа како аргумент не стои. Можат да се најдат, јас можам и да наведам неколку причини поради кои треба Владата да предложи ваков закон, можам да наведам неколку причини поради кои парламентарното мнозинство треба да го поддржи овој закон. Но, не сакам да спаѓам во групата на оние што не разбираат и да мислам дека со овој закон се врши некаква реформа во државната администрација. Ве уверувам дека, тоа е време во кое ќе се увериме сите дека ниту оваа Влада, ниту било која Влада, ниту Влада на која, евентуално јас би бил премиер, нема цврсто да загази по управата. Еден помлад професор по управно право еднаш рекол дека Управата е како "бечка шницла", што повеќе удираш по неа, толку повеќе се шири. Но, тоа се други релации.

Сакам исто така да го оспорам и аргументот дека се врши некаква рационализација и со отпуштањето, односно со пензионирањето на неколку илјади, некој рече 2.300 или 2.400 лица од областа на образованието.

Тој аргумент мислам дека не стои, затоа што исто толку во областа на образованието или нешто помалку ќе мора да бидат примени тие. Да бидам до крај искрен, бидејќи така почнав, тоа би го направил, затоа што во очи на избори да вработиш 2.000 или 2.000 и кусур наставници, учители и професори, особено во селските средини, тоа не е лоша работа за изборите.

Спрема тоа, да бидеме до крај искрени кога би бил во позиција, исто така би поддржал и би гласал ваков закон и покрај тоа што тој не е добар закон. Во оваа позиција го оспорувам и нема да гласам по него. Но, треба да се обезбеди нормална процедура. Владата требаше да прифати во оваа фаза да се разговара само за Предлогот за донесување на закон и со 100% сигурност дека парламентарното мнозинство ќе го прифати и ќе го изгласа, меѓутоа ќе беше малку по елегантно и за јавноста и за луѓето што присуствуваат тука.

Со тоа ќе завршам, можеме ние да наведеме многу аргументи кои би ги дале во функција, да не употребам некој потежок збор, на залажување. Апсолутно сакам да биде јасно дека не спаѓам во групата на луѓе, кои така лесно можат да се залажат и од тие причини нема да го поддржам законот, ни Предлогот за донесување ни неговото донесување. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Абдурахман Алити за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници од Владата, денеска пред нас имаме еден мошне значаен закон, кој можеби како пратеници го гледаме повеќе од административен аспект, дека тоа е неколку листа хартија, да притиснеме на копчињата и да донесеме нешто што можеби ќе биде судбински проживеано и ќе создаде многу емоции меѓу луѓето на кои се однесува овој закон. Тие луѓе се не само наши гласачи и ваши гласачи, тие луѓе се граѓани на Македонија.

Во таа насока би сакал да го анализирам овој закон, но не како политички маркетинг да им се додворуваме на луѓето, дека еве ги браниме, иако старото кредо гласи "оној што владее, мора и да се грижи за своите луѓе и да ги храни", односно оние луѓе што ќе ја плаќаат цената на трансформацијата, одговорноста ќе ја бараат од Владата на Република Македонија, а не од опозицијата. Тоа на сите ни е јасно.

Дозволете ми како опозиција барем коректно да функционираме, во насока на нашето укажување впрочем тоа е логиката на функционирањето секаде во државите каде што постои демократија. Овој закон, гледавме од одредени пратеници се гледање од економски аспекти, од социјални аспекти, од политички аспекти, од реформски аспекти, дури некои ја критикуваа администрацијата дека е корумпирана, дека е голема божем сме Јапонија, па сите други сфери ни функционираат така добро, па ете администрацијата е најлошиот дел, кој сега мора да го искастриме. Јас така не размислувам. За мене, пред се, го гледам аспектот како тоа ќе биде доживеано од социјална гледна точка.

Доколку бевме во едно општество, каде што предвременото пензионирање, ќе се ефектуира по еден мошне, би рекле, утврден, одреден начин, кој што гарантира одредена социјална сигурност, одреден социјален мир, за оној, кој што ќе замине во пензија, тогаш мислам дека не може да има никакви проблеми, сите заеднички да го гласаме овој закон, солидарно, со оглед дека во таа администрација има и наши гласачи и ваши гласачи, впрочем, тоа не е ни битно, на крајот на краиштата, тоа се луѓе, државјани на РМ.

Затоа сметам дека, како вас како пратеници, кои ќе гласате, ставете се во нивната положба. Дали не е премногу административна, оваа административно пензионирање, дали не треба да се оди, со малку по разработен закон, кој би имал повеќе смисла, да биде по еластичен да прави одредени по содржински предлози, за овој вид на закон, кој ние денеска го гласаме.

Јас верувам дека нај големиот број луѓе, кој што не гледаат, исто така, не следат со одредени емоции. За жал, изгледа дека во овој миг, тие се оние, кои што се засегнат народ, кои што ќе ја плати таа социјална цена на трансформацијата, со оглед дека, од друга страна, одреден закон, кој што стимулираше, зголемување на вработувањето и тоа благодарение на вработувањето на делот, кои што, одеше за покривање на пензиското и здравственото осигурување, за не вработените, сметам дека можеше да се оди со една помека варијанта во овој Закон. Затоа и избрзувањето, неговото итно донесување е не преработувањето, од страна на бројните субјекти, на ова општество, пред се, мислам на Синдикатот, кој што, овој пат е заобиколен е една голема грешка и веројатно, кога ова би се случило во една друга држава, тоа би предизвикало ланец на реакции.

Мораме да се навикнеме сите социјални закони да ги носиме по пат на консензус. Знаеме доволно дека во едно општество, основните носители на социјалната политика се државата, значи власта, од друга страна, тоа е Синдикатот. И сега е речиси, не логично, ние како пратеници, зборуваме без консултации со Синдикатот. За она за што се прашувам е, зошто носител на овој закон е Министерството за правда.

Доколку, навистина, бевме во една развиена земја, во ред Министерството за правда, ја спроведува реформата во овој домен. Меѓутоа, овој закон создава тешки социјални консеквенции за одредени семејства. Мислам дека токму Министерството за труд и социјална политика, требаше да излезе со одредени објаснувања, со одредени предлози, барем да ја развие онаа социјална димензија на овој закон.

Затоа, со оглед на тоа што јас не сум задоволен од содржината на овој закон, односно, ќе предложиме неколку амандмани, кои што се дел, барем подобрување на истите, сметам дека, доколку не бидат прифатени овие амандман, нема да гласаме за законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Нано Ружин.

За збор се јави г. - пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас искрено да ви кажам, се јавувам во функција на еден бивш администратор и се надевам, решението ми стои, по истекот на мандатот, да можам да се вратам во администрацијата да работам.

Од моето кратко искуство, како работник во државната администрација, ќе кажам одредени мои видувања, што ние треба да правиме. Јас инаку, целата оваа работа, денеска што треба да ја правиме и целото функционирање на државата и моето сфаќање за државата, го гледам како еден компјутер, кој има два дела, заради хардверот, софтверот сме ние, кои произведуваме закони и уредби и хардверот е целата таа државна администрација, кои врз основа на тие наши уредби и закони треба да функционира.

Сега донесовме закон, кој ако добро го сфаќам вака, со еден единствен критериум, сета таа машина, која се градела со години и одвреме навреме, се доградувала, за да може да спроведува една апликација, по единствен критериум, се она што е произведено од оваа година, понатаму не важи, вклопуваме нови елементи во компјутерот, а тоа е целта.

Мислам, тој критериум, така земен, не одговорен затоа што сме се соочиле со тешки последици. Замислете, еден ваков закон кој треба да погоди воглавном одредени функции во државата, витални, без претходна анализа и детални сознанија, каде точно ќе се интервенира и што ќе се заменува, може да има тешки импликации. Но, по се изгледа, за донесувањето на овој Закон имаат влијание многу фактори, а еден од битните фактори, кој што влијаел при донесување и конституирање на ваков закон, се токму тие подготвители на овој закон, се професори на некој факултет, изгледа нивното влијание е очигледно па затоа се изземале од овој закон.

Инаку, мое длабоко убедување сите тие што работат во администрацијата, треба да се одземат, а не само професорите, а не особено, професорите од хуманитарните науки, затоа што, ако е целта да се задржат квалитетни професори, кои со години се создаваа, тие професори се создадени со еден друг систем, дури докторираа, магистрираа, бранеа тези, за некои сосема други прилики. Така да, мислам дека се уште постои доволен потенцијал на кадри, кои може квалитетно да ги замени, а ако сакаме да бидеме хумани, да ги штитиме и другите кадри, наставници, било тоа да се од средното или основното образование, би требало да ги ставиме, во најмала рака во иста позиција.

Според тоа јас имам и амандман, поднесен во таа смисла, сите тие да се стават во иста позиција, со оглед дека во овој момент, јас воопшто не постапувам како пратеник, кој има интерес да акцептира одредена категорија потенцијални гласачи, затоа што јасно се знае дека во државната администрација, пред да дојде плурализмот, тој процент е многу мал и ништо не менува. Таму каде ќе бидат тангирани Албанците, тоа се во образованието, имајќи го во предвид капацитетот и потенцијалот со кој располагаме, јас се плашам дека ќе го нарушиме тој континуитет, па затоа има и поднесен амандман, со кој сакаме а ги ставам оваа категорија на вработени во администрацијата да бидат третирани како и другите во Високото образование, односно тоа нивно право, тие да можат да го користат со нивна волја, а не по сила на закон, како што сега е даден.

Инаку, не сум убеден дека многу ќе направиме, затоа што сите тие се врзани со фонд на часови и не можеме ништо да направиме, освен да примиме нови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. - пратеник Ризван Сулејмани.

За збор се јавува г. - пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас се двоумев, дали да се јавам за дискусија, но сега се одлучив. Мислам дека реформа во администрацијата е апсолутно неопходна и тоа сите го поддржуваат, меѓутоа, истата секако, треба да се приближи, како сервис на граѓаните, меѓутоа образложението на министерот по законот, кој го имаме, не не уверува дека ние одиме во правата насока, во насока дека треба да направиме реформа, која ќе значи ефикасна администрација.

Второто прашање, за тоа да бидеме уверени ни треба доста елаборација, за тоа зборуваат претходните пратеници и не би сакал дискусиите од претходните пратеници да ги повторувам.

Јас ќе се задржам на еден сегмент, на пример, на делот во образованието. Мене, искрено речено малку ме иритира, што образованието се става во областа на администрацијата. Читаме по весниците дека 2.1000 учители, односно професори, треба да бидат пензионирани. Сакам да верувам дека така има намера Владата да го направи, а не да ги замени едни со други учители, професори. Што во тој случај би се случило? Денеска имаме во една паралелка во средните училишта или во основните училишта по 35 ученици. Ако се намали бројот на учителите или професорите, тогаш значи ќе имаме по 42 или по 45 ученика. Пазарното стопанство бара квалитетно знаење. Ако нашите конкуренти од Западна Европа во една паралелка имаат 12 до 20 ученика, ние во тој случај ќе дојдеме во ситуација на инфериорност на нашите ученици, на нашето знаење и не ќе бидеме во состојба да бидеме конкурентни на тие стопанства.

Од тие причини, мислам дека во некој области, дури, во реформите треба да се оди обратно пропорционално, некаде треба да се зафати многу повеќе, односно

некаде треба помалку, а некаде треба да им се овозможи повеќе вработувања.

Тоа е сегментот, за кој сакав да кажам, дека е неопходна анализа на Владата и на тоа ако се додаде дека ни следи децентрализација на власта во општините, што беше најавено од страна на Владата, неопходна е една потемелна анализа, да се знае каде ќе имаме рационализација, намалување на администрацијата, во каков обем ќе имаме, како ќе се извршуваат задачите. Не е само тоа намалување на бројот на луѓето, туку како ќе се изврши поставената задача во одредени простории, да се знае, што е тоа што практично ќе се прави.

Од тие причини, мислам дека не сме спремни за еден ваков зафат, иако имаше време за таа работа да се направи досега и од тие причини, јас ќе гласам против овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Филиповски.

За збор се јави г. пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ги следев сита активности, кои ги превземаше Владата, околу предлагањето на овој Предлог на закон.

Чинам, дека ова се првите чекори, кои ги прави Владата да направи компетентна администрација, ефикасна и малубројна. Го поздравувам овој чин, секако.

Меѓутоа, најмногу мене лично што ми смета, ако човек, кој доаѓа од образованието, што секогаш образованието се ставаше и порано и сега, како дел од администрацијата и како потрошувачи на државата.

Инаку, колегите социјалдемократи, особено се загрижени околу тоа, што овој закон се донесува најмногу, заради тоа што во кадрите на администрацијата, се инсталирани воглавно нивни луѓе. Луѓе проверени, кои што, нај веројатно добар дел од нив ќе мора да си заминат на заслужен одмор.

Повторно ќе се вратам на образованието. Ми смета, што е ставено во администрацијата и замислете, излегува, да се произведува ум на главата на еден млад човек, е многу малку повредно, одколку да се произведе една вреќа цемент, бидејќи таму најдобро се наградени работниците. Сите ние гледаме, што ќе се случи, што ќе биде со образованието, бидејќи сето тоа е врзано со часови.

Според мене, имам 28 години работно искуство во образованието, сметам дека 35 години работно искуство е сосема доволно за еден човек да оди во пензија, посебно во образованието. Затоа што, добар дел од наставниците, зборувам посебно во средното образование, не можам да кажам за Високото, иако ќе кажам во врска со членот 8 некој збор.

Во Средното образование, добар дел од наставниците, кои наполниле 35 години стаж, на добар дел, работното способноста е намалена прилично и верувајте, часовите не им личат на часови. Има такви добар дел од наставниците. А и учениците, верувајте, ова е и од моето искуство, сакаат да работат и да соработуваат со млади луѓе, луѓе кои што носат живост во себе, кои што носат нови знаења. А во врска со членот 8, искрено да ви кажам, иако ќе земам учество во расправата, кога ќе се дискутира по текстот на законот, сум да се брише тој член, односно според мене не е закон, закон кој има исклучоци. Правило не е правило, ако има исклучоци. Замислете, еден професор, кој што наполнил 35 години работно искуство, доктор на науки, да не обезбеди негови наследници, да биде незаменлив.

Според мене, тој прв треба да си оди. Не, дали треба да оди, должен е. Веројатно, има и критериуми. Секој професор, при реизбор, треба да понуди што по негов произвел, колку доктори на науки, колку магистри, наследници, асистенти, помлади асистенти, и т.н. Мислам, науката не треба да се задушува иако, секоја чест на луѓе од нив кои што навистина, се врвни стручњаци од светски размери. Не мислам некои од нив, кога ќе одат во пензија, ќе бидат ставени на страна. Треба за сите нив да се обезбедат посебни кабинети во некој Институт или во Академија на науките, каде што ќе биде искористен до крај нивниот творечки потенцијал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Лазаров.

За збор се јави г. пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакам да кажам неколку збора, заради тоа што не се работи за мал Закон, за лесен закон, се работи за многу чувствителен закон и мислам дека е тажно,

што Парламентот е доведен во оваа ситуација овој Парламент, овие луѓе, да носат ваков закон. Инаку, овој закон значи отпуштање од работа на една бројка луѓе. Неговата суштина, последици од овој закон се тие.

А цинично е господа пратеници, да се говори за закон што отпушта од работа луѓе, дека е тоа реформски закон. Цинично е затоа што реформите, зборот реформи содржат малку повеќе супстанци и малку повеќе нешта, отколку еден закон со 9 члена, во кој што е кажано само по толку и толку работен стаж, тие и тие од утре или од 2001 година, повеќе нема да бидат на работа. И заради тој факт ние овде егзалтирано на пример од некој да констатираме дека Законот е реформски закон.

Мене ми се поставуваат повеќе прашања. Се разбира одлуката нема да биде изменета, законот ќе биде изгласан од страна на парламентарното мнозинство со гордост или без гордост, кој како го чувствува тоа. Меѓутоа ми се поставуваат неколку прашања, бидејќи се работи за закон кој што се однесува на живи луѓе. Зошто во образложението на законот, иако некои го поставиле, јас се извинувам, не ја следев целата расправа денеска од некои објективни причини, не го слушнав министерот какви образложенија даде во врска со тоа.

Меѓутоа, зошто законот се носи по таква итна постапка, зошто мора така да се скрати дебатата во јавноста, да се скрати осветлувањето на некои аспекти, да се скрати можеби понудувањето на некои нови идеи, во врска со оваа работа. Зошто на пример во законот нема елементарни податоци. Зошто Владата има интерес или предлагачот да го крие тоа, па да каже дека со овој закон на 1.01.2002 година ќе одат надвор од работа толку и толку луѓе. Зошто не го напишат тоа во образложението? И зошто во образложението нема, бидејќи ќе одат толку и толку луѓе од работа ќе бидат заштедени толку и толку средства од Буџетот на Република Македонија, со тоа што ќе ги пратиме во пензија. А пак, бидејќи овој закон ќе им ги надоместува средствата, според пензискиот основ од истиот тој Буџет од кој што ги бркаме надвор тие луѓе, колкава е таа разлика на пари што всушност ќе ја заштеди Буџетот на Република Македонија. Дали е тоа таква заштеда од средствата на Буџетот, што на оваа држава ќе и биде помогнато со тоа, или само ќе бидат произведени всушност социјални, психички трауми кај повеќе луѓе неправичности, неправди кај повеќе луѓе кај повеќе семејства. Зошто не можеме, зошто сме скратени да ги видиме тие математики, тие бројки за да можеме како пратеници да размислиме поконкретно во врска со оваа материја. А јас сум сигурен дека малку средства ќе бидат заштедени од Буџетот и дека тоа ни случајно нема да ни помогне со ваков зафат.

Следното прашање е како овој закон корелира со не одамна усвоениот Закон за пензиско и инвалидско осигурување, со неговата логика. Неговата логика беше да се заострат условите за пензионирање, да се намали приливот на пензионери во контингентот пензионери, за да може тој Буџет да биде растеретен, да може да соодветствува со некои долгорочни финансиски можности на Република Македонија. Ако од тој аспект се набљудува ова прашање, тогаш е апсолутно спротивен во врска со таа интенција на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кој што исто така овој Парламент го гласаше можеби пред неполн месец или месец дена. Значи е во спротивност исто така со таа логика. Од една страна носиме услови за рестриктивно влегување во контингентот пензионери, а од друга страна носиме закон за брзо лиферување на пензионери, а тие истите ќе бидат во догледно време корисници на буџетските средства и на ништо друго.

Следно прашање што мене ми се поставува ќе биде ли еднократна примената на овој закон? Според ова што е сега предложено излегува дека еднократна ќе биде, до крајот на оваа година тие што ги исполнуваат условите, ќе одат во пензија. За наредниот период, мислам еден пратеник говореше за тоа прашање, не се знае. Знае ли Владата дека ќе донесе одлука за продолжување на важноста на овој закон веднаш после новогодишните празници и ќе имаме ли нешто повторно бурицкање околу семејните трагедии и судбини на одделен број на граѓани. Јас претпоставувам дека Владата ќе го продолжува важењето на овој закон. Министерот клима со глава, дека нема да го продолжува. Ако не го продолжува важењето на овој мандат, какви реформи ќе бидат тоа во администрацијата ако е реформа, дури и квантитативниот аспект само на луѓето, затоа што бројот нема да биде соодветен на потребите на намалување на буџетското оптоварување на народот. Ако не биде продолжуван овој закон, тогаш каква правичност постои кога едни луѓе се доведуваат во една положба со

словото на еден закон, а други луѓе ќе бидат во друга положба.

Општество што произведува не еднаква положба пред законите, што постојано ги менува условите на живот, околностите под кои што дејствуваат луѓето постојано ги менува, не може да биде добро општество, не нуди сигурност на граѓаните. Конечно ние треба да застанеме зад долгорочни решенија, врз трајни решенија. Не сигурноста за животот во нашата држава ќе продолжува, многу луѓе ќе размислуваат како што размислуваат да бараат сигурност на други места. Вакви инцидентни реагирања во системот, инцидентно менување на положбата на сигурноста на граѓанинот не градат стабилна држава. Ова не го говорам ниту од тоа што не ми се допаѓа Владата, ниту од тоа што по секоја цена сум си поставил задача да бидам контра, ова го говорам како граѓанин, кој што сака да има чувство на долгорочна сигурност. Имавме многу неправичности во претходниот систем. Рековме дека тој систем, не рече Македонија, рече цела Европа и еден голем дел од светот дека треба да престане да функционира тој систем, заради тоа што самиот се суспендира. Треба да направиме некој друг систем, кој што нема да произведува континуирано не еднакви шанси за луѓето. Мене ми се поставува прашањето, заради тоа што на овој начин би бил инцидентен закон. Овој закон води ли сметка за квалитетот на луѓето. Кога се донесува вака, границата е 35 години работен стаж, доброволно ако сака може и со 30 години да оди во предвремена пензија, меѓутоа ми се поставува следното прашање. Во соодветните министерства, во администрацијата има вработено повеќе луѓе. Според овој закон човекот што наполнил 35 години работен стаж од 1.01.2001 година заминува во пензија. Тој е одличен работник, експерт, во моментот нема соодветна замена за него. Човекот што има 34 години и 364 дена работен стаж ќе замине од тоа министерство, а е буквално неспособен за таа работа, едноставно не го бидува за таа работа или не можат да се споредат неговите квалитети, со квалитетите на овој што само за еден ден, или два дена ќе го исполни овој услов, наметнат според овој закон. Каде е тука рациот. Ќе оди во пензија ако има нов закон и идната година овој истиот важи. Но, повторно принципот на правичност е под голем знак прашање. Зошто некои луѓе во некои служби на овој начин да стекнуваат пензија, а некои други луѓе кои што можеби работат во потешки услови или исти услови, да стекнуваат услови за пензија на некој друг начин. Господа, не се така едноставни работите за објаснување. (Пратеникот Данило Глигоровски дофрлува од место).

Колега, многу си помлад за да можеш да ми дофрлаш. Многу треба да учиш. Биди малку по скромен. Пред некој ден отстранивте човек што има право да зборува. Станете, одговорете, реплицирајте, не се согласувајте, но немојте да суспендирате право, еднакво право на секој што овде го има. Тоа немојте.

Ако сакате да се прават реформи во администрацијата поставено ли е прашањето на реформаторите на администрацијата, кои институции навистина се во сообразност со овој систем што го направивме, или што сакаме да го направиме со имплементирањето на првиот устав во пост - социјалистичка Македонија во согласност со пазарната економија или не. Колку институции денеска во државата бадијала постојат како институции, претставуваат само трошок затоа што постојат, а не вршат никаква функција и се голем товар на Буџетот на Република Македонија и многу поголем товар една институција отколку сите овие отпуштени луѓе денеска со овој закон. Јас ќе ви поставам прашање за да го аргументирам ова прашање пред реформаторите. Има ли потреба на пример Владата, нашава држава од Министерство за стопанство, од Министерство за развој, од Агенција за развој на недоволно развиените подрачја, од Агенција за развој на земјоделие, од Агенција за обнова и развој на Република Македонија што ја формира, од Фонд или Агенција за развој на неразвиените подрачја на Република Македонија. Бројам само неколку институции, кои што се плеткаат околу прашањето на стопанството и на развојот. Се запрашал ли некој дали сите тие треба да функционираат така, колку трошат и каква е нивната ефикасност, продуктивност во однос на средствата што ги црпат од Буџетот на Република Македонија и колку кога таму би направиле реформи и би се прашале зошто тие сите се формирани, зошто постојат, колку луѓе има во нив, колку повеќе средства би заштедиле отколку со една одлука вака, ајде да ги пуштиме дома сите тие луѓе да си заминат.

Господо на овој начин не се реформира државната администрација, во тоа сум длабоко убеден. Инаку следи прашањето ако сакаме да го намалуваме бројот релативно, или апсолутно на луѓето во администрацијата, зошто овој закон

истовремено не го следи Закон за замрзнување на нови вработувања во администрацијата? Па зошто се примаат тие луѓе уште? Ако тоа сето не е така проследено, тогаш не постои друг заклучок освен дека некој пресметал дека тие луѓе што сега навршуваат 30 до 35 години работен стаж, тие се луѓе вработени од некои други партии што беа на власт, тие не им припаѓаат на нашата идеолошка матрица и дека тие луѓе треба да си заминат независно од нивниот квалитет.

Значи, квалитетот е суспендиран. Бидејќи на вакви прашања навистина нема рационални одговори од страна на реформаторите, не сакам да си ја грешам душата и да кренам два прста, да си одат овие луѓе за само некој ден или некој месец дома.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник, тој е последен овде господинот пратеник Наќе Стојановски. Немојте да мислите дека повикувам други, туку навистина ви кажувам за да веќе приврешиме со расправата по оваа точка.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер, јас прво би сакал да кажам две забелешки, повеќе деловнички.

Првата е врз основа на коментарот на господинот претседател на Собранието за јавувањето дека ќе ја продолжи седницата за онолку колку што се јавени на екранот, кај него регистрирани. Поготово за вториот дел дека сме расположени за дискусии. Јас да ви кажам господине претседателе не сум многу расположен за дискусија. Навистина слушајќи ја расправата морам да кажам дека ние расправаме и на Законодавно - правна комисија по овој закон без разлика на деловничките можности и неможности и т.н. Се отвараат некои крупни дилеми со овој закон воопшто не само со закон, туку за начинот и методот на работа воопшто на оваа Влада и на овој Парламент.

Тешко е да се зборува за овој проект, одново да се откриваат некои негови основни намери што се, после дискусијата на господинот Петар Гошев. Но јас за да си ја очистам сопствената совест како пратеник во овој состав на Парламентот, јас би кажал неколку збора. Очигледно е дека овој проект ќе се усвои во Парламентот од расположението што беше на ЗПК и сега гледаме од дискусијата во овој Парламент што изјавија мнозинството на пратеници што ја поддржуваат оваа Влада. Но, во секој случај мислам дека треба да се укаже на една ситуација дека, исклучително рестриктивен закон носиме кој ќе погоди одреден дел на граѓани во Република Македонија, кој досега нема таков пример во Република Македонија што сме го донеле. Јас ќе се обидам тоа да го објаснам. Иако нема квантификации, како што рекоа многу овде колеги пратеници за тоа колкава е таа цифра, колкав е тој број, се оперира со некоја бројка од 5, 6 до 7 илјади, што ќе ги зафати овој закон до 31 декември оваа година, туку се работи за специфичноста на групацијата од таа цифра. И минатите влади во неколку состави влечејќи потези во смисла на реорганизација на стопанскиот живот во Република Македонија. Овде некои дискутираа за тоа и го прикажаа во негативна конотација, особено во делот на стопанството. Носевме закони, всушност и тие состави на Парламентот носеа закони кои на некој начин ја изменија општествено - економската положба на тие луѓе, што ги тангираат тие закони. Претежно тоа беа групација на граѓани во Република Македонија од економската сфера, од стопанството. И за нив согласно законите се отворија нови можности за реализација на тие луѓе за нивниот труд и за нивната социјална понатамошна сигурност во животот. Со оглед дека се работеше пред се за професионални работници од најразлични профили, претходно или паралелно со носењето на тие прописи, тие влади и тие состави на Парламент донесоа и други пропратни документи и закони, можности да можат тие граѓани да се реализираат и професионално и социјално да бидат обезбедени преку механизмите на социјалната сигурност во Република Македонија. А тоа значи дека својот професионален живот тие го продолжија во новите мали фирми, кои се формираа во огромен број со стотици илјади во Република Македонија, отворија свои лични бизниси со само вработување, а оние помал дел кои не успеаја тоа да го направат, останаа заштитени со социјалните механизми на сигурноста кои беа за нив и за членовите на нивните семејства до моментот додека најдат свое професионално решение. Ако ја споредиме оваа групација нова која ќе се најде во една нова општествено - економска положба, практично за неа се затворени сите други можни врати. Се работи за профили кои работеле во администрацијата и еве, како што тангира законот и други корисници на Буџетот, најповеќе од образованието кои не знаат и не можат на поинаков начин да се

валоризираат во ова општество професионално и вредносно својот труд и своето залагање. Ниту поради годините на старост тоа ќе можат да го направат и во такви форми на пример во форми на нај едноставна употреба на својот труд, да можат преку валоризација да ја обезбедат својата социјална сигурност. Тие едноставно ќе останат само со тие примања на кои упатува овој закон. За жал упатува на многу рестриктивни примања, упатува на примена на постојните решенија од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Иако знаеме дека решенијата во Законот за ПИО, односно основицата и процентите за основицата за пензиите се правени врз основа на полн критериум на работен век на тие граѓани и правото тоа да го искористат до крај. Овде имаме специфична ситуација, имаме ситуација тоа право законски го скратуваме.

Овде имаме специфична ситуација. Имаме ситуација тоа право законски да го поседуваме од една страна, а од друга страна упатуваме на примената на стапките од скалата кои не одговараат на социјалната сигурност и на давачките кои тие во изминатиот период ги имаат давано во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Всушност создаваме свесно една нова тешка социјална категорија во Република Македонија. Ако до крај во поединечната расправа Владата не изгради свест за овој закон да акцептира одредени решенија, со кои ќе ја подобри нивната социјална положба, тврдам дека денес ќе направиме голем грев.

Оттаму, мојот предлог би бил, г. претседателе, тоа да не го правиме сега во овие претпразнични денови. Оваа расправа да се заврши сега и да се прекине седницата со општата расправа по овој закон, мислам дека две цели ќе постигнеме ако не повеќе. Едната цел е онаа христијанската да не им го расипеме ќеифот на луѓето пред големите празници што доаѓаат, а другата цел е она што Владата не присили и овој Парламент го прифати еднодушно овој закон да се донесе по скратена постапка, по сила на времето и објективните настани, ќе има одредено време овие дискусии кои се воделе во овој Парламент, во оваа општа распава, да одекнат на некој начин, да се вратат повратно како ехо кај предлагачот и евентуално предлагачот, по празникот, после продолжувањето на оваа седница, да интервенира со свои барем по позитивни решенија во законот или да прифати одредени амандмани, за кои пратениците верувам дека имаат расположение, а некои кажаа дека ќе интервенираат за одредени решенија што се рестриктивни овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Наќе Стојановски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ако сум последен пријавен дискутант ќе се откажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Уште е пријавен за дискусија г. Мухамет, ако и тој се откажува. Се откажува.

Дали г. министер сака да се произнесе накратко?

(Реакција од некои пратеници во салата).

Ве молам, на почетокот бараше збор, не сослуша сите нас и сега е добро да го сослушаме министерот.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Темата е провокативна и од тие причини сметам дека разговорите што се водеа се комплетен придонес.

Меѓутоа, заради ваше информирање сакам да напоменам и заради дополнување на вашите сознанија дека во земјава оваа година се воведува Централниот регистер, според кој во земјава има 97.000 вработени во администрацијата и во таа бројка е вклучено и здравството. Без здравството таа администрација, бидејќи според некои критериуми тоа не е корисник на средства од Буџетот, таа администрација брои околу 67.000 и од неа само образованието има бројка од 30.000.

Јас морам да истакнам еден податок дека Владата има своја стратегија на делување и таа стратегија на делување целосно е конципирана така што целосно ги спроведува реформите и во областа на јавната администрација. Во тој поглед, секако дека владината постапка ја поминале законите кои ги спомнаа повеќе дискутанти. Тоа е Законот за Владата, Законот за државните службеници, без Законот за платите, од причина што одделни одредби ќе бидат инкорпорирани во самиот закон. Меѓутоа, секако, Владата нема да се откаже од реформската определба.

Кога рековме дека Законот за предвремено пензионирање е прв чекор, нај реално треба да се сфати дека тоа е само прв чекор и ние стоиме на мислење дека Владата брзо ќе излезе со Акционата

програма и Акциониот план, во кој ќе бидат детално разработени и други критериуми кои се однесуваат на редуцирање на администрацијата. Да се разбереме, тоа не е единствениот начин за ослободување од прекубројниот фонд на вработени во јавната администрација, дека тоа ќе се спроведе само преку законот, преку Законот за предвремено пензионирање, туку целосно тука ќе биде вклучен и институтот технолошки вишок, секако, максимално ќе биде искористена институцијата приватизација, што мислиме дека ќе биде и најквалитетното редуцирање на јавната администрација, бидејќи сите се согласуваме дека за наши услови имаме прекубројна администрација, која е несразмерна на економската моќ и финансиската способност на државата, односно на самото производство.

Што се однесува до изјавата дека наводно премиерот изнел друго и сега министерот изнесува друг податок, вие треба да бидете свесни дека овој Парламент го усвои тековниот Буџет и дека во тој Буџет постои ставка која е наменете за јавната администрација и од тој дел ќе се рефундираат потребите кои се однесуваат и на овој закон. На крајот на краиштата нема шетање во користење на средствата на Буџетот не наменски.

Што се однесува до образованието, ние не можеме да извршиме селективна редукција на вработените, односно селективна реформа. Тоа ќе биде не праведно. Во Владата долго време се вршени анализи кои се однесуваат особено на образованието, во смисла целосно да не се наруши образовниот процес во Македонија и таа компонента ќе се почитува до крај.

А што се однесува до албанските училишта, како што рече пратеникот, мислам дека има и за тоа кој да води сметка во Владата.

Што се однесува до прашањето за идеолошката матрица, мислиме дека сите сме свесни дека се работи за закон и во тој закон немаме одредби ни за нации ни за бои, немаме ни за партии, ни за имиња, па затоа таква идеолошка матрица апсолутно не стои дека може да се почувствува и дека е поприсутна во предложениот закон.

Јас мислам дека секоја реформа е болна и тука го делам мислењето и грижата на сите. Меѓутоа, мора да се признае дека ваквите реформи пред се, болни се и за Владата, меѓутоа, Владата има храброст и желба во овие реформи да истрае, особено што оваа година како што и самите знаете се наоѓаме во првата битна година од влегувањето во суштински реформи, година во која цениме дека ќе успееме и да го потпишеме договорот за асоцијација со ЕУ, што е голем предизвик и за нас и за сите. Ценам дека би требало и за опозицијата и јас би ја убедил опозицијата во најсветлите намери на овој закон. Меѓутоа, опозицијата треба да биде конструктивна. Тогаш многу лесно ќе се оствари тоа просто речено убедување.

Не би се задржувал повеќе, ценам лека вашето трпение е при крај и сепак предлагам сите заедно да истраеме во овие реформи, бидејќи тие се за доброто на земјата и за доброто на граѓаните, а не на политичките партии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Трпението, за кого како е при крај, меѓутоа, за г. пратеник Насер Зибери не е и тој има право на збор. Повелете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нормално претседател и не сакам да ми префрлувате на ваков начин, затоа што ова Собрание е токму за ова да расправаме, а денес расправаме за едно многу важно прашање. После коментарите на министерот по излагањето на пратениците несомнено поттикнуваат потреба од доискажување и соочување со вистината и аргументите.

Според министерот, тој е тврд на ставот дека Владата има стратегија за реформа на управата, а јас тврдам дека е обратно. Ако Владата имала стратегија за реформа на управата, како министерот го објаснува фактот, што при чинот на конституирање на Владата бројот на министерствата од 15 се зголеми на 21, а сега повторно го намалува на 15 односно 14 колку што ќе бидат. Тоа е едно.

Второ, како министерот го објаснува фактот што во меѓувреме околу седум нови органи на управата се основаат низ Република Македонија, од кои дел се паралелни органи и имаат исти или слични надлежности со веќе постојните.

Трето, министерот тврди дека управата е прекубројна. Јас навистина ќе му верував, доколку министерот овде пред нас изнесеше податоци, како се движи бројот на вработените во органите на управата во одредени земји, слични со број на жители на Република Македонија и соодветно на вкупниот број на жители и вработени во органите на управата, па да го компарираме и нивото на економскиот развој, број на вработени во органите на управата, Буџетот на тие земји, бројот на жители и т.н., па врз

основа на такви компаративни податоци да тврдиме каква е состојбата во Република Македонија.

Четврто, ако е точно дека управата е прекубројна, како министерот го објаснува фактот што во меѓувреме неколку илјади оваа Влада ги вработи.

Понатаму, министерот тврди дека намерно не е отидено со селективно пензионирање во образование, од причини што тој начин би бил неправеден. А како Владата ќе се оправда пред фактот што за ослободените работни места во образованието, директно во процесот на образованието, што мора во исто време да ги пополни со нови вработувања, а во исто време тие лица ги праќа во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а нивните пензии ги алиментира од Буџетот.

Понатаму, како министерот ќе го брани законот, доколку се разбира не се прифати, но очигледно нема да се прифатат амандманите во однос на нерамноправноста, што законот кој не е компатибилен со Законот за пензиско и инвалидско осигурување ја создава нерамноправноста во условите за пензионирање меѓу мажи и жени во однос на заменската стапка.

Конечно да завршам како министерот ќе го реши односно како Владата ќе го спроведува законот, односно надлежните органи во делот на вработените во органите на управата кои имаат бенефициран стаж, како што е Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и др., каде што со исти години на старост се применува поинаква стапка на работен стаж, а во законот е предвидена, како и низа други дилеми.

Од тие причини, сметам дека не е доволно ова што министерот го кажа, а без одговори на вакви и слични прашања кои се поставуваат како дилеми пред пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Насер Зибери за отворените прашања до министерот за правда.

Господине министер, ако можете да се воздржите од одговор, да го оставиме тоа за продолжението.

Само неколку збора би сакале, но да приврšиме, бидејќи не можеме да водиме дијалог.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Само неколку зборови би кажал од една проста причина, што јас сметам дека ова не е дебатен клуб. Секако дека и г. Насер Зибери и други имаат потреба за маркетинг. Во секој случај можам да му ја дадам таа прилика, тоа не е проблем, меѓутоа, инсистирањето на нерамноправност, што го истакна и во дискусијата, на крајот на краиштата, Владата оцени дека нема потреба да се откаже од начелата усвоени во основниот закон што се однесува до положбата на половите и тоа е очигледно.

Во таа смисла, јас ценам дека можеби и во времето на г. Зибери е усвоен тој закон и немаме што. Мене ме изненадува другата крајност. Имено, од каде толку крут став спрема нашите жени, спрема нашите мајки, па да бидеме така крути и ние во случајот.

Што се однесува до образованието, јас тврдам дека системот на образованието во никоја смисла нема да се наруши со усвојувањето на овој закон, од причина што според првичните анализи околу 1000 вработени во образованието одат во пензија по редовна постапка според редовниот закон, така што таа бројка би била занемарлива во однос на првата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за правда за учество во расправата.

Претпоставувам за реплика, за збор се јавија двајца пратеници.

Најнапред г. Насер Зибери, па потоа г. Никола Поповски.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ќе бидам краток. За другите аспекти нема да зборувам туку само за основниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување. Мене ми е сосема разбирливо што министерот не е упатен во таа област, зашто не е негов ресор, но ќе беше добро тука надлежниот министер да му помогне.

Господине министер, не се работи за нерамноправност создадена во законот за пензиско и инвалидско осигурување. Сите граѓани на Република Македонија под исти услови стекнуваат иста висина на пензија, оваа разлика треба да ја правите. Овде се работи за исти услови што добиваат различен износ на пензија и во тоа е дефектот на законот, господине министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, како координатор на пратеничката група, која министерот ја повикува да биде конструктивна, би сакал

да кажам дека пратеничката група на СДСМ во 6-7 свои дискусии, постави минимум десетина отворени прашања, но не навлегувам во дискусиите на другите опозициони пратенички групи, но минимум десетина отворени прашања по овој закон, за кои господинот министер апсолутно никако одговор не даде, дури мислам половина свесно, половина несвесно ги заобиколи, затоа што нема аргументација за тоа.

Сега го поставувам прашањето од спротивната страна. Во тој дух ние не можеме поинаку, затоа што немаме конструктивна Влада. Ако сака Владата во Собранието да биде по конструктивна, треба да даде одговор на сите прашања, треба да даде материјални и финансиски биланси за прашањата кои ги покренува. Инаку сите овие прашања кои ги покренува, како што рече пратеникот Гошев, со законот, 9 члена, на палијативен начин се уредени во оваа држава.

Би сакал да упатам на она што г-динот министер сега ни го соопштува во своето излагање.

Од 95 илјади вработени во јавниот сервис во Република Македонија, од кои ако здравството се елиминира, остануваат 60 илјади и нешто, од кои ако се елиминира образованието, остануваат уште триесетина илјади. Значи совршено е јасно една третина здравство, една третина образование и една третина се друго. Во таа третина, се друго, се армијата и МВР. Претпоставувам, во таа третина, 80% или 50 или 60%, тоа не ни го соопштија, се овие и останува се друго заедно, освен здравство, образование, АРМ и МВР, со некои незначителен процент.

Би сакал да го спомнам следново:

Прво, дали Владата на Република Македонија има стратегија во 21 век, во кој, според сите културолози, меѓутоа не културолози од типот на природно надарени луѓе, туку културолози по образование и научници, клучните два проблеми во светот ќе бидат знаењето и здравјето на луѓето. Двете се директно поврзани со образованието, односно со здравството во РМ.

Дали Владата, кога ги соопштува така лесно овие податоци, пример има предвид кои се тие сектори што ние треба да ги развиваме.

Мислам дека сите овие прашања на кои, на пример за образованието многумина поставија прашања, од опозицијата, како овој закон ќе кореспондира со Законот за образование. Не се даде одговор. Нашата тенденција е да се зголемува по глава на ученик и студент бројот на професорите, или да се намалува? Дали ние сакаме во иднина да се случи да имаме 25 односно 35 па 30 па 25 ученици по еден професор, или студенти, или сакаме 35 па 40 па 45 и да одиме во временската оска од 2000 година, односно 1950 година. Тоа е отворено прашање на кое ние не слушнавме одговор.

Второто прашање кое сакам да го поставам како сериозно прашање на кое не слушнавме одговор, а го поставија неколку пратеници во својата дискусија.

Овде се работи за оние луѓе кои имаат бенефициран стаж, на кои им се смета толку стаж колку што со бенефицираниот стаж пензиската основа им се зголемува.

Припадниците на МВР и на АРМ 35 години пензиски стаж исполнуваат во моментот кога имаат временски стаж, не бенефициран, некаде околу 25, 26, претпоставувам. Треба да ни се соопшти колку е тоа. Тоа значи дека припадниците на МВР и на АРМ, а ќе кажам зошто ги потенцирам нив, ќе заминат во пензија по овој закон во својата година на старост некаде, ако се вработени на 18 години, после полициското или после военото училиште, а тие се вработуваат веднаш заради системот кој Функционира, па од 18 плус 25 ќе дојдат некаде на границата од 43-44 години, каде што стекнуваат 35 години стаж и по овој закон одат во пензија.

Г-дине претседателе, господа пратеници, г-дине министер, генерацијата, само да направиме споредба, за која сега зборувам, во АРМ и во МВР е генерацијата која е малку постара од мене.

Сега го поставувам отворено прашањето дали на оваа држава и се потребни припадници на МВР, кои имаат повеќе од 43 или 44 години живот и искуство поради кое нема да влетуваат во стапици, кои нема да влетуваат во заседи и да ги губат животите, или им е потребна полиција која е по искусна. Замислете го фактот дека со овој закон во органите за внатрешни работи, зборувам за униформираните полицајци, кои после средно училиште се вработени, а кои секојдневно се на улиците. Само да не заборавиме дека Македонија, дури и по изјаснување на Владата живее во несигурни времиња, каде што полицајците се оние кои се први на удар на криминалот на корупцијата, на улицата, на дрогата, на убиствата и т.н. Начинот на нивно пензионирање, кога веќе имаат повеќе

искуство после 25, 26 години, а се уште се млади за таква работа, упатува на сознанието дека со нивното пензионирање ќе се уфрлуваат млади луѓе во тие органи, кои ќе бидат рака на срце, помалку искусни за справување со тие проблеми. Истото се случува и со АРМ, со професионализацијата на војниците, со старешинскиот кадар, кој исто така на границата станува плен дури и на не оспособената армија, на паравоени формации. Треба да процени Владата дали тоа искуство и е потребно на нашата држава.

Сега ако ги сумираме овие три сегменти: здравство, на кое треба да полагаме повеќе внимание, образование во кое треба да имаме се повеќе упатени вработени, затоа што тие упатуваат на производство на знаење во вид на сива маса на нацијата и директно производство на знаење од научните работници во образованието и од онаа една третина која останува, се повеќе од половината припадници на МВР и на АРМ што се грижат за безбедноста, а нив на 45 години ги пензионираме, навистина се поставува прашањето од тој аспект гледано дали Македонија оди во обратна временска насока од развојот на современиот свет. Ние, да се разбереме, тоа може да се објаснува на долго, не можеме овде, ние не можеме да застанеме на патот на развојот на општеството. Се повеќе луѓе ќе работат во сервисните дејности, како што се здравство, образование, се помалку во аграрот во индустријата и ние не можеме со закони да се справиме, апсолутно. И податоците од Владата кажуваат, од разни причини дека таа администрација ќе се зголемува и се зголемува.

Второ, во врска со конструктивноста е изјавата дека нашата администрација е несразмерна со економската моќ на државата. Тоа е интересна изјава. Меѓутоа, дозволете да кажам, ако не е поткрепена со факти е палијативна изјава и е тежоративна изјава. Ние треба да знаеме, кога веќе министерот изјавува во име на Владата дека економската моќ на државата е несразмерна со администрацијата, обратното прашање. За да влеземе во ваков проект, да ни се каже кој е односот на сразмерност. Да ни се каже, на оваа економска моќ сразмерот е толку вработени во здравство, образование, безбедност, државна администрација, па да поверуваме дека овој закон оди во некаква зацртана политика во таа насока. Вака кажано мислам дека е политички памфлет.

Второ, што само на претходната седница на која г-динот министер беше присутен, нашиот премиер од петтни жили не уверуваше сите дека ние немаме проблем со економската моќ на државата, дека нашиот Буџет расте со 20% годишно, дека имаме преполно пари, дека на нас не ни се ни потребни странски кредити, дека само на долг рок имаме проблеми, немаме проблеми со претходното финансирање на државата. Изјавата за несразмерност упатува на негација на премиерот. И јас мислам дека овде нема голем конфликт. Всушност премиерот даде лоша изјава со која ја дезинформира јавноста и себе, во свој стил, дека преполни ни се државните фондови. Сегашната изјава ја земам за интересна, за разгледување, дека имаме несразмерност.

Четвртото прашање што сакам да го поставам е следното:

Г-динот министер сигурно знае подобро од нас дека во РМ платниот систем заради разни проблеми, системот на плати, не платниот систем е така поставен што вработените во државните органи релативно најниско се платени. Тие не се платени по просечно вработен најмалку, меѓутоа имаат највисока квалификациона структура, заедно со уште две три дејности, осигурување, банкарство и т.н. Меѓутоа, ако одиме на исто ниво на образование, вработените во државните служби се најниско платени. Тоа го покажуваат сите статистички показатели што ги добиваме. Можеме да дадеме и пример.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во органите на управа, вклучувајќи го и ова Собрание, вработените со средно образование се на нивото од прилика на 6.500 до 7.500 илјади плата, што е апсолутно ниско ниво. Со овој закон одат во пензија која ќе биде во нормали услови 80% од нивната основица, меѓутоа, некаде 50 или 50% од нивната плата, а уште сега со законот не им обезбедуваме да одат во полна пензија, туку со 70, 72, 73 или 74%. Тоа ќе биде исто една структура која ќе создаде впечаток на сите кои треба да претендираат во државните органи, во здравството, во образованието, дека тука има исто една финансиска несигурност. Ние не ќе можеме да привлекуваме добри и оспособени кадри тука, особено со плата помеѓу 9 и 10 илјади на високо образовани кадри на кои по истиот тој критериум пензијата ќе им изнесува можеби на нивото каде што ќе треба да се компензира од пензискиот фонд.

Апсолутно се неприфатливи за нас аргументите дека има професии, кои после 35-та година се не способни да ја извршуваат својата задача. Само да кажам

дека не овој министер што ја сега брани Владата, меѓутоа еден претходен министер, по игра на случајот и од истата партија ПДПА-НДП, само пред две седници кога ги утврдувавме условите за пензионирање на сите во Република Македонија, не уверуваше дека треба да ја зголемиме старосната граница за одење во пензија. И кога ние се буневме за тоа дека Македонија има голем број на невработени и дека продолжувањето на стажот на осигурување односно на работење ќе влијае на тој проблем, се укажуваше на примери во Данска каде се одело во пензија со 67, 68 години, да сега за друг закон, онаа приказната дека Владата има образ како зелката, секогаш може еден лист да соблече еден лист, и новиот лист останува нов, тој стариот веќе не важи, стално има нови листови, кои растат од внатре во зелката, сега Владата ни нуди сосема друга аргументација, или коалиционите пратеници. Тоа е дека после 35 години не сме способни да работиме. Ако е така зошто не интервенираме во пензискиот закон, каде што не со 62, 63, 64 години туку со 60 и 61 ќе се оди во пензија.

Мислам дека Владата има типичен пример со законите, со кои сега не уверува дека прави наводни реформи, на поднесување на птица во магла која не може да се ориентира.

Јас само би го поставил прашањето на следниот начин:

Се донесе пензискиот закон во ова Собрание, така да има клизна скала на покажување на годините на старост потребни за пензија, ако се сеќавам по 6 месеци годишно се зголемуваше и колку, со ефекти годишно, од прилика наместо да одат извесен број на пензионери, заради тоа што ќе имаат поголема потреба да работат, ќе има помалку, 500 до 600 до 1000 годишно. Сега со еден закон, ние ефектите од тој закон за идните 6 години кои наводно биле зацртани, со еден закон пензионираме 4 или 5 илјади, никој не знае колку и сите тие ефекти ги поништуваме.

Меѓутоа, на каде се насочени. Насочени се токму кон оние вработен кои имаат обратна потреба. На сите ни е јасно дека администрацијата има физички лесна работа. Значи законите сега ќе важат за сите вработени во индустрија, трговија со повисоки години на старост за пензионирање, каде што физичките услови за работа се потешки, а за администрацијата обратно. Оваа Влада е целосно и тука дезоириентирана. Она не води политика на логика во овој домен. Води политика на ат-хок решение, односно она што јас го велам не конструктивна политика.

Сето ова упатува на сознанието дека Владата всушност, по мене прави реформи кои она ги нарекува реформи, не за да го реформира општеството, она прави реформи, условно да кажам, за да се спаси од самата себе си. Она прво вработува за една ипол година од своето владеење 4 до 5 илјади луѓе во администрацијата и после ни вели сега привремено ќе пензионирам други. Значи она треба да се спастри од проблемот кој го креирала.

Сега г-динот министер исто така ни соопштува дека ќе ги реформирале и министерствата во Владата. Јас ви тврдам дека Владата "ќе прави големи реформи" за да го намали бројот на ресорите во Владата. Меѓутоа нивниот намален број се уште ќе биде поголем од бројот на ресори кои го наследија, наследија 14, направија 21, сега ќе го намалат на 16.

Значи Владата повторно прави реформи за да се спаси од самата себе, не да го реформира општеството. Тоа се реформи за кои објективно не можеме да прифатиме дека водат некаде. Владата ако сака да спроведе на овој начин работејќи, реформи во општеството, јас би ја повикал прво самата себе си да се реформира, па после можеби ќе се стекнат услови за реформи.

Сето ова го кажувам за на крајот да констатирам, ако е ваква политиката што ни ја нуди Владата, дезиориентирана и не конструктивна тогаш апсолутно, апсолутно е надвор од секаква логика министер да повикува на конструктивност на пратениците, кои му поставуваат десет прашања: како овие проблеми Владата ги гледа или ќе ги решава, колку се тие материјални - финансиски биланси во државата, од кои ова ќе се произведе како ефект, за тоа се нема одговор. Кога се нема одговор, тогаш значи дека мерките се напамет. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

По однос на искажувањето на г-динот министер, посебно сегментот на образованието, но најнапред да кажам дека навистина е невкусно да се дадат соодветни аргументи, ако другата страна нема капацитет да ги апсорбира, односно да ги

разбере тие аргументи, тоа се завршува како дијалог на глуви.

Последниот настап на г-динот министер мислам дека беше контрадикторен и нејасен. Тоа не е ни чудо со оглед на тоа што сегашната Влада има толку многу експерти за незнаење и овој закон е продукт на таа група на експерти.

Јас барав конкретни одговори. Одговорот што требаше да се даде од страна на министерот беше дали, односно тој требаше да објасни до крај, дали предлогот на закон за предвремено пензионирање не продуцира дискриминација и нерамноправност помеѓу граѓаните, што е уставно начело. Тоа го објасни пред малку. Имено група луѓе ќе се пензионираат по редовна регулатива, односно спрема законот кој веќе е усвоен за пензиско инвалидско осигурување, а другата група подлежат на административно дејствување. Значи, практично, ако имаме двајца граѓани, едниот е вработен во структурата која се финансира од Буџетот, а другиот не. Значи за да дојде до рамноправна положба вториот граѓанин кој не е вработен во структурата која се финансира од Буџетот, меѓутоа треба уште една две, четири, пет или десет години да работи повеќе за да ги исполни условите за да се пензионира, за разлика од овој кој е административно пензиониран. Мислам дека докрај се работи за класична граѓанска дискриминација.

Второ дали не се работи за не рамноправност и граѓанска дискриминација, кога исти граѓани, иста возраст, ист стаж, меѓутоа едниот е веќе корисник на средствата од Фондот, а другиот мора уште 5, 6, 7, 8 или 10 години да придонесува да се полни Фондот за пензиско инвалидско осигурување.

И на крајот по однос на тоа што се искажа министерот, во однос на образованието. Тој од прилика кажа дека има кој да се грижи. Јас сум среќен поради тоа што има навистина има да се грижи за образованието. Меѓутоа тој со тоа нели го оспорува правото на ова Собрание, исто така да се грижи за таа проблематика, што нема никакво право тоа да го направи и таа негова грижа, според некои важни податоци ќе заврши со абортус, од причина што веќе се чувствува недостаток на стручни кадри во Основното и Средното образование на албански јазик, така што со ова дополнително ќе се усложнува состојбата и не знам од каде толкава доза на оптимизам кај министерот, дека некој ќе се грижи и одлично тоа ќе се реши. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали за учество во расправата.

Веројатно како реплика за учество во расправата се пријави господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Нека биде ова некој вид на реплика.

Јас ќе му сугерирам на министерот да не одговори на овие, така да ги наречам провокации, затоа што колку и да ги образложи, целта на опозицијата е само, добро рече министерот, маркетинг. Целта им е само да зборуваат без да се засноваат на некој податок или така нешто.

Зошто го кажувам ова? Од последните дискутанти сфаќам дека, господа, кога вие бевте на власт, многу зборувавте. И уште, многу само зборувате. И, продолжувате да зборувате многу. Да бевте толку умни, со тие убави зборови и убава реторика, немаше да ја оставевте државата во ваква состојба во која што ние ја најдовме.

Јас не сакам да употребувам некој поголем збор, но тоа звучи демагошки. Вие, значи, со овие две дискусии или со претпоследната дискусија, законот се подготвува, овој пакет на закони се подготвува веќе 2, 6, 3 години, од ваши експерти кога бевте на власт и од правници и од професори по правни науки, овдешни и со компаративни анализи, со Светската банка, со експерти на Светската унија. Значи, вие само со една дискусија ставате до знаење дека овие аспекти што денеска ги видувате, тие не ги гледале тие аспекти и само вака, ноншалантно се става овој закон.

Јас сметам дека треба да престанеме со такви работи. Треба да престанеме затоа што тоа веќе не е ефективно. Само за да се добијат поени и да се омаловажуваат реформите, мислам дека тоа не е сразмерно со политичката дискусија што ние треба или дискусијата што треба овде да ја имаме како пратеници.

Проблемот е, јас сфаќам, ние се разликуваме во опциите. Вие сакате да создадете еден не работлив народ, мрзлив народ, мрзливи граѓани, а нашата опција е со овие реформи да овозможиме една ефикасна, квалитетна, јавна администрација. Опонирајте, но не на ваков начин. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас мислам дека не е во ред и треба да се престане со оваа практика, кога за нешто нема аргументи да се одговара да се повикуваме на минатото, што правеле овие кога биле, па овие погрешиле, па паднале заради тоа. Тоа е нормално. Си ја платија сметката за тоа што не работеле како што треба. Под претпоставка дека не работеле така.

Меѓутоа, не се тоа аргументи кога пред јавноста кажувате, што работевте вие кога бевте? Затоа не се на власт. Веќе народот ги казни и очигледно сега се во опозиција.

Проблемот е што правите вие сега? Наместо министерот конкретно да одговара на прашањата што беа поставени, се прикажуваат работи што немаат место и воопшто немаат логика. Мислам ако министерот знае да одговори на прашањето добро, ако не, нека каже дека не знае. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Александар Гештаковски побара збор.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ќе бидам краток.

Се отвора прашањето за аргументи и контра аргументи. Во мојата дискусија поставив едно прашање, што е клучно, нај обично, нај едноставно за да се види целта од нештото, начелата, односно колку луѓе ќе одат во пензија согласно овој закон? Ќе одговори министерот или нема да одговори? Ништо друго нема да прашувам. Беспредметно е друго да се прашува кога го немаме тој одговор. Ниту еден пратеник го има. Или, ако сака да му ги прочитам, по мои анализи па да каже дали се согласува.

Ние што имаме информации, можеме да дојдеме до тоа. Работеле од Светска банка, работеле министри, пара министри. Камо? Нема ниту еден факт. Господинот Дика вели дека работеле. Немаме факти колку луѓе ќе одат, од кое министерство колку, од образование колку?

(Дофрлување од место дека има податоци).

Добро, колеги, велите дека има. Јас во законот не гледам и во образложението каде читаме нема. Министерот не кажува. Можеби има некаде, можеби ги чуваат или...

Министерот ако сака може да одговори. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот потпретседател, Томислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете ми да го изнесам моето мислење, како јас го сфаќам овој Предлог на закон и дали некои колеги овде имаат сознание за овој закон, дали е добар или лош. Секој вели - тоа е по мое видување. Доаѓаа по некои луѓе овде да се претстават дека треба да се заштити одреден број на луѓе, кои се вработени, дека државата ќе остане без стручњаци, дека образованието ќе остане без стручњаци и т.н. И, последно прашање колку ќе отидат во пензија по овој основ?

Дали некој е задоволен со сознанието или не, тоа е негов проблем. Меѓутоа, господо пратеници, едно е реалноста во животот. Ние имаме само во глобала податоци за работниот стаж. Кога ќе дојде да се утврди некое право, или да се оспори, тогаш се гледаат конкретно документите. Сега, колку се овде, нека погледнат во своите работни книшки и дали имаат некаде пропуштен или не утврден стаж. Секој според интересот тој стаж го прикажува или го оспорува. Зарем можете сега во една таква положба да барате точно која е бројката?

Ова не го говорам на памет. Ние имаме преминување од бивша СФРЈ па регулирани работи од заедничката држава, па не регулирани, па таму стаж оспоруван и не докажан, особено оние кои се во Армијата. Ова е вистината. Дали некој само сака да праша нешто или еве, ќе говорам, па ми е страв ќе изгубам избори, па дали е ова спроведливо за избори.

Господата видете од што се плашат? Тие се плашат од сопственото искуство, од сопствената практика, затоа што тие тоа го работеле. Затоа што законот, така наречен Бранков закон за вработување, го темпираа таму да ги пратат луѓето од Заводот за вработуваше каде примаа по 100 марки да отидат кај не квалитетни работодавци и тоа да го изгубат таму. Сега, одеднаш велат - што направивте вие со овој закон.

Луѓе, нема престанок на работен однос. Нема отказ. Одат луѓе во предвремена пензија. Им се дава една можност, да можат ако исполниле одредени услови, порано или подоцна од пет години, некои сами да се изјаснуваат, а некои, штом настапи тој момент да одат во пензија. Колку ќе биде реално, реков од овие причини, ќе се знае во спроведување на законот.

Во овој закон има и период на спроведување, одредено траење. Сто пати колегите поставија колку ќе трае, дали ќе има? Трае до 31 декември оваа година. Значи дека има интервентно значење, да со овој закон се разрешат одредени прашања, што се појави натрупување или создавање повеќе кадри во службите. Дали тоа ќе биде погодено за полицискиот дел? Јас ги прашам овие што се држат толку силно за тие два фактори, полицијата и војската, дали изборите што досега ги добиваа ги добиваа само преку тие две формации? Ако е тоа така, јас сум на нивна страна. А, ако кажат дека тоа не го направиле, зошто се сомневаат во друг?

Господо, ова решение што го нуди Владата е од пакетот на реформите. Мора да се почне од нешто. На овој закон му се дава период од уште, да кажам од тука натаму осум месеци за негово спроведување, значи да се подготви, да се видат кои се условите, кој ги исполнува, не ги истолкува. Може некаде да се јави проблем за еден или за два дена, или за пола година па да може да дојде во системот, да каже - јас не сакам, мојата изјава е таа што ќе сакам да одам во пензија или не. Затоа не може да се има конкретен и директен податок. Имаме само рамка колку може да се зафати. Дали тоа ќе биде така, не може да кажеме. Тоа е едно.

Второ, вториот дел, се јави, јас ќе го именувам тука, господин Петар Гошев. Тој се нешто нихилистички гледа. Оти, се навикнува од своето лично својство. Тој стана слуга на СДСМ. Одеше, дали е тука, дали не е тука, јас не бев тука па го слушав. (Реакции во салата).

Дали тоа го правел од свое уверуваше или од послушност, па сега овде да се јавува и да говори што му текне, говорам отворено и кажувам, тој човек изгуби кредибилитет на човечност, а не на пратеник. Толку. (Реакции во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да не навлегуваме во лични дуели, тоа не е парламентарно.

Мислам дека господинот Гештаковски се најде повикан, во однос на дискусијата на потпретседателот, па бара кратка реплика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господинот потпретседател Томислав Стојаковски вели "ние".

Не знам во кое својство, да не стана член на Владата па одговара, сигурно во тоа. Затоа, сигурно штом настапи во тоа својство, дали господинот министер за правда се согласува со одговорот на господинот Томислав Стојановски? Тоа е многу битно, бидејќи во негово име даде одговор. Тоа е многу битно прашање.

Имам сега уште едно дополнително прашање до министерот, колку ќе чини реформата од финансиски аспект. Тоа го поставив претходно и барам да ми одговори. Инаку, аргументирано не би сакал да полемизирам со господинот Томислав Стојановски, затоа што не држат ни аргументите, куќа од покрив не се прави. Се прави од темели.

Па затоа, колку пари, колку луѓе ќе одат, па после се носи закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Насер Зибери сака да учествува во репликата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да, мислам дека како добар правник, како што претендира господинот Стојановски, треба да знае дека нема неутврден стаж на вработените во органите на управата, од причини што органите на управата и личниот доход и придонесите вкупно и за ПИО и за вработување и за здравство, вклучувајќи го и персоналниот данок го плаќаат од Буџетот. Значи, тука нема утка господине Стојановски.

Но, имам еден друг предлог. Со оглед на тоа што овој закон ќе ги закачи вработените во органите на управата, да го прошириме и во делот на пратениците и меѓу првите пензионирани да биде господинот Томе Стојановски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте да...

Господинот Томислав Стојановски побара реплика.

**ТОМИОПАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Гештаковски, преку мене сакаше да постави прашање на друг. Јас говорев од мое име. И говорев, кога говорев "ние", говорев за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на некој што мисли дека треба да се некој пензионира од овде, па го кажа моето име, јас немам намера да го спомнувам неговото име.

Грев ќе биде за него ако отиде во пензија. Јас и онака исполнувам услови за пензија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Сејфедин Харуни се јави за збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, благодарам што ми дадовте збор.

Ги слушнав двата претходни правници од коалицијата, прво министерот, па потоа потпретседателот на Собранието. Јас гледам дека господата што туку се оддалечуваат од својата професија, сакаат на одреден начин да најдат локација во просветно - образовниот процес. А, за да дојдат во таа локација, допрва треба некое писмо да бараат за да бидат, не примени, туку блиску на таа проблематика.

Во наставно - воспитниот процес, од 30 илјади и повеќе вработени, 31 илјада и нешто, 3.600 ќе бидат пензионирани, ќе треба да бидат пензионирани со 35 години работно искуство. А, со законот, со овој другиот, што сега ни е на потег, таа маса на вработени ќе биде уште поголема.

Поставувам прашање на самиот министер, тој треба да одговара, а не неговите адвокати, дали нему му е јасно дека во последната декада наставно - воспитниот процес, односно едукатори – воспитувачи од албанската националност, во последнава декада немаме образувано кадри? Дали тој надоместок на овој голем недостиг на кадри, тој ќе биде во состојба тоа да го направи? А, знам дека тој не е во тек, и колку кадри имаме образовано.

Само еден пример. Во едно основно училиште, особено од моето село, во пониските одделенија нема да остане ниту еден вработен кој има 30 години работен стаж. И допрва, на тие 3.600 што ги спомнав што треба да се пензионираат на околу 200 училишта ќе треба да им се стави клуч. Дали тие 200 училишта ќе бидат повеќето од албанската припадност или пак кадри, како што доволно, во изобилство ги има македонската националност? Македонскиот народ. Затоа што двата Универзитети доволно продуцираат кадри за таа проблематика.

Јас би бил среќен господата да бидат добри во својата практика и тука да даваат свој придонес и Законот да го донесуваат така како што ним им одговара. А, јас сум сигурен дека и ним не им одговара, меѓутоа тоа е нивна првична желба да се повикаат на реформи. Реформи со ваков закон немаме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Сејфедин Харуни за учество во расправата.

Претпоставувам дека се најде погоден господинот Петар Гошев и бара реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакав да му реплицирам на господинот Томе Стојановски, ама размислувам дека нема циркузантски квалитети како тој што има, па не ќе можам да му парирам, знаете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам, Томе Стојановски бара реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Една работа. Во тоа е и разликата помеѓу мене и Гошев.

Јас можам да бидам циркузант, но тој и тоа не може да биде.

Тој не поседува квалитети како човек. Тоа го кажувам отворено...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Зад оваа изјава, дозволете, зад оваа изјава стојам.

Ако ми дозволите и ако сака да му направам едно движење во неговата служба и ќе видите дека не ни циркузант, него дека е обичен слуга и тоа не заслужен слуга.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да се воздржиме од такви квалификации.

Господинот Ило Илоски се пријави, веројатно за реплика или дискусија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе, прво, лично ви се обраќам вам, бидејќи се наоѓаме само еден ден пред Христовото распетие и не е добро да правиме кавги во Парламентот.

Да се надоврзам на дискусијата на господинот Наќе Стојановски, седницата треба под итно да се прекине. Особено, по укажувањето на господинот Замир Дика дека министерот, кој е предлагач на Законот да не одговара на прашања на пратеници, ирелевантно е повеќе да дискутираме ние овде.

Второ, после дискусијата на господинот Томислав Стојановски, кој се става во улога на бранител на законот, а не е предлагач, настапува во конотација,- неговиот одговор го сфатив како министер кој го нуди законот, мислам дека е дегутантно повеќе да расправаме на оваа тема.

Затоа ве молам, да се прекине седницата и да продолжиме после Велигденските празници. За тој период, најверојатно министерот за овие десетина прашања, круцијални што беа поставени од страна на пратеници и од позицијата и од опозицијата, ќе научи факти и ќе дојде овде да го брани законот. Затоа што, да не се навредуваме и не сакам поинаку да се сфати сето тоа, од она што го кажа во воведното излагање, од она што досега за време на расправата го бранеше законот пред пратениците, навистина се стекнува впечаток дека тој се разбира во реформа на државната администрација колку Илија Илоски во мелење на жито.

Затоа, ве молам прекинете ја седницата и нека си дојде министерот подготвен, нека одговори на овие прашања.

Впрочем, имаме и амандмани. Ако се прифатат, да гласаме за Законот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, ако мислиме да ја привршиме расправата, еве сега се јавуваат и други. (Реакции во салата).

Видете, министерот за правда побара збор, бидејќи е спомнат.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Јас мислам дека десетина прашања што ги поставија бројните пратеници се во функција на маркетинг. Сепак, јас сум министер и не можам да вршам маркетинг овде.

Што се однесува до последното прашање на господинот Иљоски, мислам дека не треба да ги меша поимите. Јас не отстапувам од тоа дека има прашања во кои можеме да одговориме, меѓутоа некои прашања веќе одговори беа содржани во самото излагање. Друго е што вие не сакате да ги сфатите тие.

Што се однесува до Гештаковски, јас реков, ние вистина е дека по основ на 35 години стаж, има некоја бројка дека во рамките на министерствата некаде околу 3.500 до 3.800 може да одат или ги исполнуваат условите. Меѓутоа, ние не можеме да исфрлиме цифри, бидејќи по одредени критериуми не знаеме колку вработени ќе го користат тоа право. Затоа, не можеме да исфрлиме цифри така од џеб.

Мислам дека не е коректно од наша страна и од владина страна да баратаме со такви цифри. Ориентационо сум изјавил повеќе пати и сега некаде по 5.000 би требало да се оствари таа наша цел, што е поставена со овој закон. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. За збор се јави господинот пратеник Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Само една куса реплика. Би сакал да реагирам за две работи.

Првата работа за која што мислам за која не можам како пратеник, колега не можам да останам рамнодушен на крајно ниските квалификации, кои отидоа на личен план врз еден наш колега, од страна на господинот Томе Стојановски. И, очигледно е дека на господинот адвокат, ќе му треба адвокат. Тоа е првата работа.

Второ, господа министри, јас не знам што е толку лошо или во некоја лоша конотација да се зборува и за политички маркетинг. Меѓутоа, треба да се прави разлика меѓу лош политички маркетинг и добар политички маркетинг. Треба да бидете способни, ако не можете да дадете одговор, тоа треба да му го уочите и да кажете.

Инаку, нема друг начин на сите овие витални и важни прашања кои што беа десетина или повеќе поставени од опозицијата, да дадете одговор. Ако не сте способни за тоа да дадете одговор, а уште по фрапантно е шефот на една пратеничка група да повика министер на Владата на Република Македонија и едноставно да го замолчи.

Мислам дека тоа не се случило до сега во парламентарниот живот на оваа држава. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љубомир Поповски.

Пратеникот Гештаковски како реплика, повелете, но ова, само ова нека биде последна реплика.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека сега можеме да разговараме со министерот, бидејќи тој е претставник на Владата, само министерот добро знае дека би требало да го познава законот кој го нудите. Законот нуди одење во пензија по три основи. По два основи, по сила на закон со 35 години и од тие основи министерот точно треба да го знае тоа и да ни го соопшти. Нема околу. Јас не барам податоци, бидејќи го читам и го познавам законот, оние што ќе одат со 30 години работен стаж доброволно, министерот и неговите служби, службите на Владата точно до последниот, врз основа на

евиденцијата треба да има и сметам дека тука можеме да расправаме, а сигурно ќе продолжиме и понатаму. Министерот тие податоци ќе ни ги соопшти. Ние не го бараме она што не може да го има министерот. Што зависи од други, што зависи од поднесување на изјави на молби, ние бараме она што го нуди законот и мораме да констатираме, законот нема аналитика или Владата намерно ги крие. Не давање информации, тоа кај нас буди сомнеж дека нешто се крие. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Гештаковски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Дами и господа пратеници, бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за остварување на предвремена пензија.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаше "за", 21 пратеник гласаше "против", 10 пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се произнесе и предлогот на закон.

Молам, да гласаме.

62 пратеници гласаа "за", 21 пратеник гласаше "против", 6 пратеници се воздржаа од гласањето.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Засега толку.

А, сега, дозволете ми, пред да отворам општ претрес по Предлогот на законот што ќе го оставам за продолжение на седницата, на пратениците овде каде што денеска се расправавме и на граѓаните православни Христијани да им ги честитам претстојните Велигденски празници.

Истовремено, дозволете ми, на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам претстојните Првомајски празници.

Ние седницата ќе ја продолжиме по празниците, а до тогаш, молам притиснете едно од копчињата, за да видиме кој е присутен овде.

(Седницата прекина во 19,00 часот).